**САМОВОЛИЈАТА ВО ПРАВОСУСТВОТО ВО Р.МАКЕДОНИЈА**

**1.** Јас, Ристо Ивановски, по завршување на Факултет за земјоделски науки и храна, во понатамошен текст Земјоделски факултет- Скопје, како најдобар студент во одделот сточарство, во 1972 година бев испратен во Германија на дошколување, докторирање. Таму и пред мене беа испраќани повеќе лица. Меѓутоа, како што тие таму отишле, назад тие се вратиле, тие таму ништо не можеле да постигнат. Јас по четири години, кога ми беше врачена дипломата доктор во Виена, на 04.11.1976, на истиот ден, тргнав назад за Битола, а по два дена се пријавив во Земјоделскиот факултет- Скопје. На мое изненадување одма бев одбиен. Поради тоа јас во 1977 година се вработив во ЗИК ″Пелагонија″-Битола.

Бидејќи јас бев единствен доктор на наука во Комбинатот, како и единствен кој докторирал вон социјалистичкиот блок, не бев подобен. Против мене расправале Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на С. Македонија во Битола, Општинскиот комитет на СКМ и Општинската синдикална организација. Пак, од мигот кога јас во 1990 година станав член на ВМРО- ДПМНЕ, чии членови се чуствувале наследници на ВМРО, која како организација била против режимот од српската окупација од 1912 годи-на, по 1945 година владеењето на просрпската комунистичка партија СКМ, денес СДСМ, животот ми постанал застрашувачки, што трае се до денес.

**2.** Во 1990 година се пријавив на конкурс за генерален директор на ЗИК ″Пелагонија″- Битола, против комунистичкиот кодош и партиски фунционер Вангел Гагачев. Тој, од српското домче во Битола, џелатот на Македонците, Лазар Колишевски, беше поставен да се ликвидира кадарот на Крсте Црвенковски. Гагачев бил ликвидатор на неговиот кадар со на чело Гого Петковски, генерален директор. Токму со овој Комбинатот станал југословенски рекордер. Со партиската наредба тој беше променет, а Вангел Гагачев беше поставен за помошен генерален директор по земјоделие. Со неговото настапување од 1978 година земјоделството и сточарство на Комбинатот биле уништени, овоштарството искрчено итн. Следи тој во 1990 година прв да се распадне во државава на неземјоделски дејности и земјоделска дејност (ЗК ″Пелагонија″- Битола). Бидејќи јас сакав Комбинат-от да го спасам од стопанкиот штетник и уништувач на Комбинатот се пријавив на конкурс за генерален директор, противкандидат на В.Гагачев.

**3.** Со РО.бр.1110/90 ″ОСНОВНИОТ СУД НА ЗДРУЖЕН ТРУД ВО БИТОЛА, во совет составен од судијата Ѓорѓи Христовски, повремените судии Димовска Љубица и Вецко Памаковски со записничарот Стојанова Џулијана, решавајќи по предлогот на Ристо Ивановски од Битола спрема ЗК ′Пелагонија′- Битола, за стекнување, по одржаната расправа во присуство на предлагачот и полномошникот на учесникот на ден 14.02.1991 година во Битола, ја донесе следната О Д Л У К А

СЕ ОДБИВА барањето на предлагачот Ристо Ивановски од Битола, да се поништи одуката бр.02-4690/1 од 07.12.1990 година, донесена од работничкиот совет на учесникот ПОС ЗИК ′Пелагонија′- Битола, со која Вангел Гагачев е именуван за генерален директор со мандат од 4 години, и да се задолжи учесникот да изврши повторен избор,- КАКО НЕОСНОВАНО″. Пак, сопругата на судијата Ѓорѓи Христовски во Комбинатот беше најповеќе унапреена. Всушност, таа и ништо не работеше.

Со Гж.бр.388/92 ″ОКРУЖНИОТ СУД ВО БИТОЛА како граѓански второстепен суд, во совет составен од судиите: Томе Сарџовски претседател на советот, Владимир Атанасов и Благој Стојковски членови на советот, во правната работа на предлагачот Ристо Ивановски од Битола за стекнување решавајќи по жалбата на предлагачот поднесена против одлуката на Основниот суд на задружен труд во Битола РО.бр.1110/ 90 од 14.2.1991 год., на својата нејавна седница одржана на ден 25.2.1992 год., ја донесе следната П Р Е С У Д А

Жалбата,- СЕ ОДБИВА како неоснована.

Оддлуката на Основниот суд на здружен труд Битола, РО.бр.1110/ 90 од 14.2.1991 год.,- СЕ ПОТВРДУВА″. Ако таа не се потврди, судиите како режимски ќе летале од работа. Следи само најпослушните напредувале.

**4.** Самоволно и без основа од Вагел Гагачев бев казнет, сменет од советник по сточартво на цел Комбинат на пониско работно место, дури преместен од Работна единица Завод за унапредрување и развој с.Новаци во Пресметковна единица Свињарска фарма во

с.Породин, во состав на Работната единица ″Коле Канински″- с.Породин. Јас заведив судски спор.

Основниот суд на здружен труд Битола со РО.бр. 717/90: ″на ден 17.09.1990 година ја донесе следната: ОДЛУКА

СЕ УВАЖУВА барањето на предлагачот Д- р Ристо Ивановски.

СЕ ПОНИШТУВА Одлуката бр.27-02-3216 од 6.07.1990 година на директорот (Вангел Гагачев, Р.И.) на учесникот ПОС ЗИК ′Пелагонија′- Битола со кое предлагачот е расподелен на работни задачи Стручен соработник во РЕ ′Коле Канински′ од.с.Новаци, КАКО НЕЗАКОНИТА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА учесникот да го распореди предлагачот на работни задачи стручен советник во РЕ Завод за унапредување и развој во с.Новаци, во рок од 15 дена по правосилноста на одлуката″.

Судот на здружен труд на Македонија, РОЖ.бр.2636/90 ″решавајќи по жалбата на учесникот, изјавен против Одлуката на Основниот суд на здружен труд Битола РО.бр.717/90 од 17.09.1990 година, на седницата одржана на ден 24.04.1991 година, донесе ОДЛУКА

Жалбата поднесена од учесникот во постапката ПОС ЗИК ′Пелагонија′- Битола, СЕ ОДБИВА.

Одлуката на Основниот суд на здружениот труд Битола РО.бр. 717/ 90 од 17.09.1990 година, СЕ ПОТВРДУВА″.

Основниот суд на здружен труд Битола со РО.бр.717/90 ″на 17.06. 1991 година ја донесе следната: ОДЛУКА

СЕ ОДБИВА предлогот на учесникот ПОС ЗИК ′Пелагонија′ Битола да се повтори постапката по предметот РО.бр.717/90 заведен од предлагачот Д-р Ристо Ивановски од Биола за распоредување правосилно завршено со одлука на овој суд РО.бр.717/90 од 17.09.90 година, КАКО НЕОСНОВАНО.

СЕ ЗАДОЛЖУВА учесникот ПОС ЗИК ′Пелагонија′ Битола да му ги надомести на предлагачот Ристо Ивановски од Битола трошоците во ова постапка во износ од 960 денари, за рок од 15 дена по правосилноста на оваа одлука″.

Судот на здружен труд на Македонија, со РОЖ.бр.2636/91 ″решавајќи по жалбата изјавена од предлагачот ПОС ЗИК ′Пелагонија′- Битола- учесник во редовната постапка, против одлуката на Основниот суд на здружен труд Битола РО.бр.717/90 од 17.06.1991 година, на седницата одржана на ден 7.11.1991 година, донесе ОДЛУКА

Жалбата изјавена од предлагачот ПОС ЗИК ′Пелагонија′-Битола, учесник во редовната постапка, СЕ ОДБИВА.

Одлуката на Основниот суд на здружениот труд Битола РО.бр. 717/90 од 17.06.1991 година, СЕ ПОТВРДУВА″.

Меѓутоа, јас веќе на 20.05.1991 останав без работен однос.

**5.** Бидејќи јас бев самоволно и без основа исфрлен од работа, барав да се одложи извршувањето, поврзано и со претходните судски одлуки.

″Општинскиот суд во Битола, со судијата Драгомир Тодоровски по извршниот предмет на доверителот Ристо Ивановски од Битола, против должникот ПОС ЗК ′Пелагонија′ од Битола, за непарично побарување, одлучувајќи по приговорот и предлогот за одлагање поднесени од должникот, во отсуство на странките, денес на 30.10.1991 година, донесе

РЕШЕНИЕ

I.

Приговорот поднесен од должникот ПОС ЗК ′Пелагонија′ од Битола против решението И.бр.2753/91 од 6.6.1991 година, СЕ ОДБИВА.

II.

Предлогот за одлагање СЕ УСВОЈУВА.

Извршувањето дозволено со решение И.бр.2753/91 од 6.6.1991 година, СЕ ОДЛАГА до правосилното окончување на постапката РО.бр.516/ 91 која се води пред Основниот суд на здужен труд во Битола.

О б р а з л о ж е н и е

Судот дозволи извршување врз основа на правосилната одлука РО.бр.717/90 од 17.9.1990 година, заради распоредување на доверителот на работни задачи стручен советник во РЕ Завод за унапредување и развој во с.Новаци.

Должникот поднесе приговор наведувајќи дека во меѓувреме на доверителот му престанал работниот однос врз основа на изречена дисциплинска мерка, па неможело да се постапи по извршената расправа. Истовремено предложи и одлагање на извршувањето.

Доверителот поднесе приговор наведувајќи дека во меѓувреме на доверителот му престанал работниот однос врз основа на изречена дисциплинска мерка, па неможело да се постапи по извршената расправа. Истовремено предложи и одлагање на извршувањето.

Доверителот на записникот пред овој суд изнесе дека предлогот на должникот за повторување на постапаката по предметот РО.бр.717/90 бил одбиен,а во постапката РО.бр. 516/91 била донесена одлука со која е потврдена одлуката за изречената дисциплинска мерка ′престанок на работен оснос′. Ова последна постапка била во фаза на жалба по која уште не била одучена. Предложи да се продолжи извршувањето.

Судот ги ценеше наводите на двете страни и списите во предметот, па заклучи дека приговорот е неоснован. Во случајов не постојат причини кој го спречуваат извршувањето во смисол на чл.50 од ЗИП.Постои извршна исправа за распоредување на доверителот, а фактот дека му е изречена дисципинска мерка ′престанок на работен однос′, не е причина која го спречува извршувањето зашто таа мерка подлежи на испитување кај судските органи, а која постапка е во тек. Тој факт може да се земи како причина за одлагање на извршувањето.

Поради изнесеното судот одлучи да го одбие приговорот на должникот. Од друга страна, предлогот за одлагање судот го усвои сметајќи дека оправдано да се пречека на правоилното окончување на постапката РО.бр.516/91, односно да се види што ќе стане со изреената дисциплинска мерка. Доколу таа мерка правосилно се укине, судот во службена должнот ќе го продолжи извршувањето, а доколку таа мерка правосилна се остави во сила ќе следи запирање на извршувањето.

Со оглед на ваквите можности судот смета дека е оправдано да се одложи извршуањето додека надлежниот суд правосилно се произнесе по повод изречената дисциплинска мерка″.

″Окружниот суд во Битола како граѓански второстепен суд во совет составен од судиите Ристо Георгиевски претседател на советот, Бранко Цокински и Владимир Атанасовски, членови на советот, по правната работа на доверителот Ристо Ивановски од Битола, против должникот ПОС ЗК ′Пелагонија′ од Битола, за присилно извршување на непарично побаруање решавајќи по жалбите на странките поднесени против решението на Општинскиот суд Битола И.бр.2753/91 од 30.10.1991 год., на нејзината седница одржана на ден 5.12.1991 год. донесе РЕШЕНИЕ

Жалбите на странките СЕ УВАЖУВААТ.

Решението на Општинскиот суд во Битола И.бр.2753/91 од 30.10.1991 год.- СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно одлучување.

О б р а з л о ж е н и е

Со обжаленото решение под I од диспозитивот приговорот поднесен од должникот против решението И.бр.2753/91 од 6.06.1991 се одбива.

Под II од диспозитивот предлогот за одлагање на спроведувањето на извршувањето се усвојува. Извршувањето дозволено со решение И.бр. 2753/91 од 6.06.1991 година се одлага до правосилното окончување на постапката пред Основниот суд на здружен труд Битола по предметот РО. бр.516/91.

Против ваквото решение двете странки поднесоа жалба и тоа доверителот го напаѓа решението под II од диспозитивот а должникот под I поради суштински повреди на одредбите од ЗПП, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешно примена на одредбите од материјалното право, па се предлага жалбите да се уважат, обжаленото решение укине и предметот врати во првостепениот суд на повторно одлучување.

Овој суд согласно чл.365 од ЗПП го испита решението па најде

Жалбите се основани.

Првостепениот суд го одбива приговорот на должникот од причини што заклучува дека нема пречки за спровердување на извршувањето а имено постои извршна исправа за ра-

споредување на доверителот на работното место кое гласи во извршната исправа. Наведува дека тоа што дисциплинската мерка е остранет од работа доверителот не е од влијание при спроведувањето на извршувањето. Ваквиот заклучок не првостепениот суд противречи на одлуката за одлагање на извршувањето каде пак дава причини дека извршувањето зависи од правосилното одлучување по спорот РО.бр.516/91 дали доверителот ќе биде вратен како работник кај должникот или пак не.

Должникот и во приговорот а и во жалбата наведува дека не постои можност за спроведување на извршувањето на извршната исправа бидејќи работното место стручен советник на кое треба да се врати доверителот не постои а во текот на водењето на постапката повеќе пати е изменета систематизацијата на работните места и сега должникот преставува акционерско друштво и тоа работно место не постои. Првостепениот суд ќе треба да ги провери тие наводи од приговорот и жалбата на начин ќе закаже рочиште ќе ги повика странките ќе го задолжи должникот да ги достави актите за систематизација и другите акти за промена на статусот на должникот па на тој начин жалбените наводи во жалбата на должникот ќе ги провери. И на крајот ќе може да извлече правилен заклучок дали постои можност извршната исправа да се спроведе или не. (Судот не ги почитува одлуките на повисокиот суд, што стои во претходната точка 4. Значи, во Судот постојат самоволија, Р.И.)

Од одлуката по однос на приговорот ќе зависи и одлуката по однос на предлогот за одлагање на спроведувањето на извршувањето па затоа следуваше да се уважи и жалбата на доверителот па при повторното одлучување и по приговорот и по предлогот за одлагање ќе се донесе единствена одлука.

Затоа согласно чл.369 и 370 од ЗПП, бидејќи постоеја суштински повреди на одредбите од ЗПП и погрешно утврдената фактичка состојба следуваше жалбите да се уважат, а обжаленото решение укине и предметот врати на првостепениот суд на повторно одлучување при што од како ќе се постапи по укажувањата дадени во оваа решение ќе се донесе законита одлука″.

″Општинскиот суд во Битола, со судијата Драгомир Тодоровски, по извршниот предмет на доверителот Ристо Ивановски од Битола ул.′Михајло Андоновски′ бр.6/21 против должникот ЗК ′Пелагонија′ од Битола, за непарично побарување, одлучувајќи по приговорот на должникот, во отсуство на странките, денес на 6.04.92 година донесе

Р е ш е н и е

Приговорот на должникот СЕ УСВОЈУВА.

Решението И.бр.2753/91 од 6.06.91 година СЕ УКИНУВА, извршувањето СЕ ЗАПИРА.

О б р а з л о ж е н и е

Судот дозволи извршување врз основа на одлуката РО бр.717.9.90 година, заради распоредување на доверителот на работни задачи стручен советник во РЕ Завод за унапредување и развој в. с.Новаци. (Во понатамошното читање ќе се види, постоело договор меѓу судовите, неизврши,Р.И.)

Должникот во приговорот наведе дека одлуката е неизвршлива бидејќи на доверителот му престанал работниот однос врз основа на изречена дисциплинска мерка. Исто така, такво работно место кај должникот не постоело. (Судот не почитувал одлука на друг и повисок суд, Р.И.)

Доверителот во одговорот на приговорот предложи истиот да се одбие, а извршувањето да продолжи.

Постапувајќи по напаствијата на Окружниот суд во Битола по решение Гж.бр. 2634/91, овој суд двапати закажа рочиште за расправање по приговорот. Од рочиштето должникот изостана, а до судот достави само акт за систематизација. (Потврда судиите од Окружниот суд се договориле со должникот. Окружниот суд не почитувал надлежен друг и повисок суд. Се одлучувало за иста работа двапати, дури сосема спротивно, Р.И.)

Од приложените акти за систематизација се утврдува дека кај должникот не постои работно место како она наведено во одлуката РО бр. 717/90. (Токму затоа надлежниот суд со бр.719/90 донел одлука, Р.И.) Овој факт го потврдува и доверителот кој уште во поднесениот предлог за извршување наведе дека ′неговото работно место во Развојната служба е укинато

за тој да биде вишок и непотребен на комбинатот′. (Затоа заведив судски спор. Бидејќи укинувањето била самоволно, го добив спорот, Р.И.)

При ваква положба, со оглед да веќе не постои тоа работно место, одлуката РО бр. 717/90 од 17.9.90 година е практично неизвршлива, па следуваше приговорот да се усвои и извршувањето да се запре″. (Ненадлежен суд решил и одлучил да не извршува одлука на друг надлежен суд, Р.И.)

″Окружниот суд во Битола, како граѓански второстепен, во совет составен од судиите: Ристо Георгиевски претседател на советот, Бранко Цокински и Владимир Атанасов членови (судиите на ненадлежен суд не почитувале одлуки на судии на надлежен суд, Р.И.), во извршниот предмет на доверителот Ристо Ивановски од Битола, против должникот ЗК ′Пелагонија′ од Битола, решавајќи по жалбата на доверителот против решение-то на Општинскиот суд во Битола И.бр.2753/91 од 6.04.1992 г. на седницата одржана на 25.06.1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ

Жалбата на доверителот,- СЕ УВАЖУВА.

Решението на Општинскиот суд во Битола, И.бр.2753/91 од 6.04. 1992 год., - СЕ ЗАПИРА и предметот се враќа на првостепениот суд на повторна постапка.

Образложение

Со обжаленото решение усвоен е приговорот на должникот и решението И.бр.2763/91 од 6.06.1991 г. се укинува и извршувањето се запира.

Против таквото решение доверителот поднесе жалба со која го побива по сите правни основи, со предлог жалбата да се уважи решението да се укине и предметот да се врати на повторна постапка.

Овој суд, постапувајќи по жалбата, ги разгледа списите по предметот, го испита обжаленото решение согласно член 365 во врска со чл.381од ЗПП, и чл.14 од ЗИП, па по оценка на жалбените наводи и предлози, како и списите по предметот, најде дека жалбата е основана.

Првостепениот суд го запира извршувањето само од причини на тоа што од актите за систематизација произлегувало тоа дека непостоело работно место согласно извршната исправа. Видно од извршната исправа истата е донесена на 24.04.1991 год. а правилникот за организација и систематизација на работните места кај должникот е од месец мај 1991 г. што значи дека актите за систематизацијата постоеле пред да биде донесена извршната исправа. (Судиите потврдиле, судскиот спор бил монтиран, Р.И.)

Судот без одржување на рочиште а како беше укажано со решение на овој суд ГЖ. бр.2534/91 од 5.12.1991 г. го запре извршувањето само од погоре наведените причини. Затоа, при повторната постапка ќе треба судот да одржи рочиште на кое ќе бидат присутни учесниците за да се разјаснат во доволна мера околностите кога е вршена реорганизацијата кој должникот и дали постои работно место согласно извршната исправа или пак друго соодветно работно место како налага одредбата од член 17 од Законот за основните права од работен однос. Во таа смисла да се провери и жалбениот навод на какво работно место работи Боне Палашевски (на истото што го имав јас, Р.И.), дали на работното место на кое претходно работел доверителот или пак такво работно место непостои. Од одлуката по однос на приговорот на должникот ќе зависи и одлуката по однос на предлогот за одлагање на спроведувањето на извршувањето, а тоа првостепениот суд воопшто не го испитувал, поради што следуваше согласно чл.380 ст.1 т.3 од ЗПП, во врска со чл.14 од ЗИП, да се одлучи како изреката″.

″Општинскиот суд во Битола, со судијата Драгомир Тодоровски, по извршниот предмет на доверителот Ристо Ивановски од Битола ул.′Михајло Андоновски′ бр.6/21 против должникот ЗК ′Пелагонија′ од Битола, за непарично побарување, одлучувајќи по приговорот и предлогот за одлагање поднесено од должникот, денес на 16.09.92 година донесе

Решение

I.

Приговорот поднесен од должникот против решението И.бр.2753/91 од 6.6.91 година СЕ ОДБИВА.

СЕ НАЛАГА на должникот во рок од осум дена по приемот на решението да ја изврши одлуката РО бр.717/90 од 17.9.90 година, а доколку не постапи по таа одлука во оставениот рок му СЕ ИЗРЕКУВА парична казна од 15.000,00 денари.

II.

Предлогот на должникот за одлагање на извршувањето СЕ ОДБИВА.

О б р а з л о ж е н и е

Судот дозволи извршување на правосилната одлука РО бр.717/90 од 17.9.90 година.

Должникот во приговорот наведе дека во меѓувреме на доверителот му престанал работниот однос, побара и одлагање.

Доверителот предложи да се одбие приговорот и постапката да продолжи.

Постапувајќи по напаствијата на Окружниот суд во Битола дадени во решението Гж. бр.1712/92 од 25.6.92 година овој суд одржа рочиште на кое застапникот на должникот изнесе дека работното место на доверителот било укинато со систематизацијата од 29.6.91 година, но дека со измените од 14.4.92 година е повторно отворено тоа место (ДОКАЗ, директорот решил мене да ме ликвидира, а и ме ликвидирал, Р.И.), а бил распореден Боне Палашовски (кој не бил магистер, ниту доктор, Р.И.). Не постоело друго место на кое доверителот би можел да биде распореден според чл.17 од Законот за основните права од работен однос. (ДОКАЗ, јас не сум бил подобен: до денес Боне Палашевски нема обајавено ниеден самостоен труд, ниту книга. За него пишувам во моето претходно барање во Вашиот суд, Р.И.)

Приговорот на должникот е неоснован.

Неспорно е дека постои извршна исправа со која на должникот му е наложено да го распореди доверителот на работни задачи ′стручен советник′ во РЕ Завод за унапредување и развој во с.Новаци. По донесување на извршната исправа должникот го укинал тоа работно место. Меѓутоа, на 14.4.92 година е отворено место ′самостоен стручен советник во сточарството′ кое одговара на стручните способности на доверителот, но на тоа место не е распореден доверителот туку лицето Боне Палашевски. Должникот во приговорот наведе дека одлуката е неподобна за извршување, извршувањето не било можно бидејќи такво работно место не постоело во актот за систематизација, меѓутоа на рочиштето должникот изјави дека отворил ново работно место кое одговара на стручните способности на доверителот.

При ваква положба, по мислење на овој суд не постојат причини кои, согласно чл.50 од ЗИП, го спречуваат извршувањето. Надлежниот суд донел правосилна одлука со која наложил враќање на доверителот на поранешните работни задачи. Предлогот на должникот за повторување на постапката бил одбиен правосилно, а притоа Судот на здружениот труд на Македонија во својата одлука РОЖ бр.2636/91 од 7.11.91 година застанал на становиште дека со донесување на новиот акт за систематизација, по настанувањето на извршната исправа, се создадени услови-законски претпоставки за законито распоредување на доверителот. Значи, и тој суд сметал дека должникот е должен да ја исполни обврската по одлуката, дека за тоа има претпоставка. Ова во целост го прифаќа и извршниот суд, па смета дека извршната исправа е подобна за извршување. Спрема тоа, неоснован е приговорот на должникот дека извршната исправа е неподобна, дека е неизвршлива. Напротив, со отворање на местото ′самостоен стручен советник во сточарство′ кое одговара на стручните способности на доверителот, се стекнаа услови за спроведување на извршната исправа бидејќи доверителот можеше да биде распореден на тоа место. Меѓутоа, должникот тоа не го стори, туку на тоа место распореди друго лице. По мислење на судот, должникот на тоа место требаше да го распореди лицето кое поседува извршна исправа, а тоа е доверителот.

По мислење на судот, неоснован е приговорот и во делот каде се наведува дека на доверителот му престанал работниот однос по настанување на извршната исправа. Тој факт не е причина која го спречува извршувањето, со оглед да таа одлука подлежи на судски испитувања. Следува доверителот да се врати на работа по основ правосилната одлука за враќање на работа. Од тие причини се одби приговорот на должникот, му се остава рок за исполнување на обврската, а во спротивно му се изрече парична казна.

Судот го одби и предлогот за одлагање од причина што не се исполнети условите од чл.63 од ЗИП. Имено, предлогот за повторување поднесен од должникот е одбиен, а тоа што меѓу странките се води нов спор под.бр.987/92 не е причина која е предвидена во наведената одредба како основ за одлагање.

Од тие причини се одлучи како во диспозитивот″.

″Окружниот суд во Битола како второстепен, во совет составен од судиите: Ристо Георгиевски претседател, Бранко Цокински и Благој Стојановски членови, во извршниот предмет, на доверителот Ристо Ивановски од Битола, против должникот ПОС ЗК ′Пелагонија′ Битола, за непарично побарување, решавајќи по жалбата на должникот изјавена против решението на Општинскиот суд Битола, И.бр.2753/91 од 16.9.1992 год., на седницата на ден 8.10.1992 год., донесе

РЕШЕНИЕ

Жалбата на должникот, -СЕ УВАЖУВА.

Решението на Општинскиот суд Битола, И.бр.2753/91 од 16.9.1992 год., -СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на првостепениот суд на повторна постапка.

О б р а з л о ж е н и е

Со обжаленото решение одбиен е приговорот на должникот поднесен против решението на Општинскиот суд Битола, И.бр.2753/91 од 6.6.1991 год., и наложено му е на должникот во рок од 8 дена, по приемот на решението да ја изврши одлуката РО.бр.717/90 од 17.09.1990 г. а доколку непостапи па таа одлука во оставениот рок на должникот му е изречена парична казна во износ од 15.000,00 ден...Со истото решение одбиен е предлогот на должникот за одлагање на извршувањето.

Против решението жалба изјави должникот побивајќи го поради погрешно и непотполно утврдена фактичка состојба и погрешно примена на материјалното право, со предлог молбата да се уважи, обжаленото решение да се укине и предметот да се врати на првостепениот суд на повторна постапка.

Доверителот поднесе одговор на жалба со наводи дека жалбата на должникот е неоснована и предлага истата да се одбие.

Овој суд, решавајќи по жалбата, го испита обжаленото решение, согласно чл.365 во врска со чл.381 од ЗПП, и чл.14 од Законот за исвршна постапка, ги разгледа списите по предметот, и по оценка на жалбените наводи и предлози најде:

Жалбата е неоснована.

Одбивајќи го приговорот на должникот првостепениот суд, утврдува дека кај должникот е отворено работно место самостоен стручен советник во сточарство кое одговара на стручните способности на доверителот но на тоа работно место било расподелено друго лице. Судот смета дека доверителот со оглед дека од тоа работно место е прераспореден на друго работно место треба да се распореди на тоа работно место. Судот, исто така, прифаќа дека на доверителот работниот однос му е престанат со одлука на дисциплинската комисија на должникот која била предмет на преиспитување пред Општинскиот суд Битола, по предмет П.бр.987/92 кое нешто пак според првостепениот суд непреставувало причина за одлагање на извршувањето.

Во ситуацијата кога на доверителот му престанал работниот однос со одлука на дисциплинската комисија на должникот, истиот неможе да се распореди на работното место самостоен стручен советник во сточарството бидејќи сега доверителот нема својство на лице вработен кај доверителот. Тоа, може единствено да се стори само доколку одлуката на дисциплинската комисија за престанок на работниот однос биде поништена и со тоа ќе се смета работниот однос на доверителот непрестанал и ќе може да се спроведе извршување на одлуката РО.бр.717/90 од 17.09.1990 год.

Првостепениот суд, во повторната постапка ќе треба да ги има предвид укажувањата дадени во оваа решение при што ќе треба да утврди до каде е работата по предметот П.бр. 987/92 на Општинскиот суд Битола за поништување на одлука на дисциплинската комисија на должникот што преставува основ за одлагање на извршувањето во смисла на чл.63 од Законот за извршна постапка.Извршувањето на извршната исправа може да се спореде само по правосилното окончување на погоре наведениот предмет кој се води пред Општинскиот суд Битола. Инаку, по однос на приговорот на должникот против решението со кое е дозволено извршувањето и овој суд смета дека, не се основани наводите во истиот меѓутоа со оглед дека се работи за специфичен случај, судот треба да донесе поинаква одлука. Судот неможи, да му наложи на должникот да ја изврши одлуката се додека не се утврди дека на доверителот не му е престанат работниот однос, кај должникот.

Предвид на погоре изнесените причини а согласно чл.380 т.3 од ЗПП, се одлучи како во изреката на решението″.

Бидејќи судиите во Општинскиот и Окружниот суд расправале за моето бркање од работа, тие од 6.6.1991 до 8.10.1992 со мене се изигрувале.

″Општинскиот суд во Битола, со судијата Драгомир Тодоровски, по извршниот предмет на доверителот Ристо Ивановски од Битола, ул. ′Михајло Андоновски′ бр.6/21, против должникот ЗК Пелагонија од Битола, за непарично побарување, одлучувајќи по приговорот за одлагање поднесени од должникот, денес на 26.10.1992 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Извршувањето дозволено со решение И.бр.2753/91 од 6.6.1991 година СЕ ОДЛАГА до правосилното окончување на предметот П.бр.987/92 на Општинскиот суд Битола.

По правосилното окончување на тој предмет судот со посебно решение ќе се произнесе по приговорот на должникот.

О б р а з л о ж е н и е

Судот дозволи извршување врз основа на правосилната одлука РО.бр.717/90 од 17.9.1990 година.

Должникот во приговорот наведе дека во меѓувреме на доверителот му престанал работниот однос, па побара и одлагање на извршувањето. Тоа од причини што помеѓу странките се водел спор под П.бр. 987/92, па пред правосилно да се заврши тој спор не можело да се спроведе извршувањето.

Доверителот предложи да се одбие приговорот и постапката да продолжи. (Судовите воделе психолошко долгогодишно судење, познато кај ненародните власти. Пред да заврши спорот, тужителот починал, Р.И.)

Судот ги ценеше наводите на странките, списите во предметот, ги имаше во предвид напаствијата дадени од Окружниот суд во Битола во решението Гж.бр.2606/92 од 8.10.1992 година, па го усвои предлогот за одлагање поднесен од должникот.

По настанувањето на извршната исправа на доверителот му е изречена дисциплинска мерка ′престанок на работен однос′ и таа мерка е предмет на оценка во постапката П.бр. 987/92 која се води пред Општинскиот суд Битола и се уште не е правосилно завршена. Поради тоа, согласно чл. 63 од ЗИП, постојат услови за одлагање на извршувањето. Поточно, извршниот суд мора да сочека правосилно да заврши тој спор каде ќе се утврди дали на доверителот му престанува работниот однос или не. Дури после тоа ќе може да продолжи извршувањето или пак ќе дојде до запирање на постапката, зависно каков ќе биде исходот на тој спор.

Од тие причини се одложи извршувањето. Одлука за приговорот судот ќе донесе со посебно решение откако ќе заврши правосилната постапка П.бр.987/92″.

Меѓутоа, ова судовите можеле да го завршат по итна постапка, а не со мене тие од 6.6.1991 до 26.10.1992 да се изигрувaат.

**6.** Иако судиите од 6.6.1991 до 8.10.1992 се изигруваа со мене, се утврди, судскиот спор бил монтиран. Токму затоа Окружниот суд истакнал: ″Првостепениот суд го запира извршувањето само од причини на тоа што од актите за систематизација произлегувало тоа дека непостоело работно место согласно извршната исправа. Видно од извршната исправа ис-тата е донесена на 24.04.1991 год. а правилникот за организација и систематизација на работните места кај должникот е од месец мај 1991 г. што значи дека актите за систематизацијата постоеле пред да биде донесена извршната исправа″.

Следи Општинскиот суд да утврди: ″Постапувајќи по напатствија-та на Окружниот суд во Битола дадени во решението Гж.бр.1712/92 од 25.6.92 година овој суд одржа рочиште на кое застапникот на должникот изнесе дека работното место на доверителот било укинато со состематизацијата од 29.6.91 година, но дека со измените од 14.4.92 година е повторно отворено тоа место, а бил распореден Боне Палашевски. Не постоело друго место на кое доверителот би можел да биде распореден според чл.17 од Законот за основните права од работен однос.

Приговорот на должникот е неоснован.

Неспорно е дека постои извршна исправа со која на должникот му е наложено да го распореди доверителот на работни задачи ′стручен советник′ во РЕ Завод за унапредување и

развој во с.Новаци. По донесување на извршната исправа должникот го укинал тоа работно место. Меѓутоа, на 14.4.92 година е отворено место ′самостоен стручен советник во сточарството′ кое одговара на стручните способности на доверителот, но на тоа место не е распореден доверителот туку лицето Боне Палашевски. Должникот во приговорот наведе дека одлуката е неподобна за извршување, извршувањето не било можно бидејќи такво работно место не постоело во актот за систематизација, меѓутоа на рочиштето должникот изјави дека отворил ново работно место кое одговара на стручните способности на доверителот.

При ваква положба, по мислење на овој суд не постојат причини кои, согласно чл.50 од ЗИП, го спречуваат извршувањето. Надлежниот суд донел правосилна одлука со која наложил враќање на доверителот на поранешните работни задачи. Предлогот на должникот за повторување на постапката бил одбиен правосилно, а притоа Судот на здружениот труд на Македонија во својата одлука РОЖ бр.2636/91 од 7.11.91 година застанал на становиште дека со донесување на новиот акт за систематизација, по настанувањето на извршната исправа, се создадени услови-законски претпоставки за законито распоредување на доверителот. Значи, и тој суд сметал дека должникот е должен да ја исполни обврската по одлуката, дека за тоа има претпоставка. Ова во целост го прифаќа и извршниот суд, па смета дека извршната исправа е подобна за извршување. Спрема тоа, неоснован е приговорот на должникот дека извршната исправа е неподобна, дека е неизвршлива. Напротив, со отворање на местото ′самостоен стручен советник во сточарство′ кое одговара на стручните способности на доверителот, се стекнаа услови за спроведување на извршната исправа бидејќи доверителот можеше да биде распореден на тоа место. Меѓутоа, должникот тоа не го стори, туку на тоа место распореди друго лице. По мислење на судот, должникот на тоа место требаше да го распореди лицето кое поседува извршна исправа, а тоа е доверителот.

По мислење на судот, неоснован е приговорот и во делот каде се наведува дека на доверителот му престанал работниот однос по настанува-ње на извршната исправа. Тој факт не е причина која го спречува извршувањето, со оглед да таа одлука подлежи на судски испитувања. Следува доверителот да се врати на работа по основ правосилната одлука за враќање на работа. Од тие причини се одби приговорот на должникот, му се остава рок за исполнување на обврската, а во спротивно му се изрече парична казна″. ДОКАЗ: Директорот Вангел Гагачев мене животно ме ликвидира.

**7.** Под точка 4. се истакна следното: ″Бидејќи јас бев самоволно и без основа исфрлен од работа, барав да се одложи извршувањето, поврзано и со претходните судски одлуки″. Пак, под точка 5. се потврди, се укинало моето работно место, а потоа истото го отворил за друго лице, на кое јас отсекогаш сум му бил советник. А тој немал објавено ниеден самостоен труд. Овој како наполно неспособен бил мој кодош, извршител на директорот. Значи, директорот решил мене да ме ликвидира. А за моето ликвидирање тој имал свои партиски структури во градот Битола и државата, што важело за негови судии и негови извршители во Комбинатот, сите негови соучесници за моето потполно ликвидирање. Со тоа започнал процесот на уништување на мојот живот. Па тој како силеџија бил познат:

**8.** Вангел Гагачев како моќник организирал во Комбинатот да се купи пченка како добиточна храна. Таа била во Хрватска и Србија донесена од САД. Таа била карантинска пченка на некое оболување, порадишто таа била забранета за сеидба. Меѓутоа, во СФРЈ тие неа си ја запрашиле со најголемиот отров жива. Кога од САД на тоа повторно им се укажало, таа запрашена била продавана за добиточна храна. Во оваа игра се вклучил и Вангел Гагачев со своите колеги...Бидејќи таа била запрашена со отров, таа била обоена црвено. Следи тие неа да ја перат со вода...и повторно сушат..., оти тој си нашол добивка. Ова било дело на неговите потчинети Петар Мицевски, директор на Фабриката за добиточна храна во с.Радобор, и неговиот соработник Боне Палашевски од Говедарската фарма во с.Радобор, кој го добил моето работно место во Заводот за унапредување и развој во с.Новаци. Бидејќи настапило труење на добитокот, зашто следело труење и кај потрошачите на јајца, месо и млеко од добитокот, јас пријавив во државните институции. Меѓутоа, вакви труења кај Вангел Гагачев биле редовна појава во фармите и рибниците, зашто многу сум пишувал. Бидејќи ја знаев неговата насилничка нарав, злочинец врз својот народ, се решив да ја спасам Свињарска фарма, каде јас таму од него на насилнички начин како понижување бев преместен.

**9.** За ова цел претходниот раководител на Свињарска фарма ги собираше потписите од вработените, а јас свое рачно го напишав текстот: Во него стои: ″Во врска со предметот од Д-р Ристо Ивановски, ′Предлог за подобро и успешно производство на свињарската фарма′, број 03-02 од 04. 01.1991, да се биде во посебна РАБОТНА ЕДИНИЦА, инаку како сега ќе бидеме ликвидирани, ние долупотпишаните, бараме да се издвоиме како посебна РЕ, вон РЕ ′Коле Канински′ с.Породин, бидејќи немаме ништо заедничко со нив″. За ова да образложам: доходот се оствaруваше во Работна единица, земјоделците многу малку работеа, а иако тие беа многу понедоходовни земаа многу поголеми плати од вработените во Свињарска фарма, дури таа немаше средства за редовно работење- пред ликвидација. Со тоа вработените беа навредувани и понижувани. Дури во неа се работеше секој ден во годината, како во спротивност во земјоделието, во зимно време си беа дома, без работни обврски. Значи, кога земјоделците дома си седеле, тие земале повисока плата од сточарите, кои работеле без прекини. Токму затоа во прввиот список се потпишале 18, во продолжение уште 3. Не се потпишал само новиот раководител и двајца други, кои ништо не работеле, а биле доушници на непријателот на сточарството Вангел Гагачев.

**10.** За да се образложи ликвидацијата на Свињарска фарма, по моето бркање од Свињарска фарма свињите во фармата оболеа од болеста Ауједцки, чума..., како и преку 100 потрошачи преку Синдикатот од стафилококоза, од кои две жени тешко, гнојни процеси во утерусот...Инаку од чумата свињите се уништуваат. Па свињарска фарма била за ликвидација.

**11.** Бидејќи вработените во Свињарска фарма сакале неа да ја спасат, тие потпишале полномошно, со следен текст: ″ПОЛНОМОШТВО

Сите ние подолупотпишаните на работа при Свињарска фарма во состав на ПЕ Сточарство при РЕ ′Коле Канински′ с.Породин, ЗК ′Пелагонија′ Битола, (Во ПЕ Сточарство беа Свињарска фарма, Говедарска фарма и Рибник. Така на сточарството му се одливаше=крадеше доходот, Р.И.)

ГИ ОВЛАСТУВАМЕ Д-р Ристо Ивановски од Битола ′Михајло Андоновски′ 6/21 и М-р Китан Минчевски од с.Кравари, да можат во наше име да поднесат тужба кај надлежниот суд за издвојување на Свињарската фарма од составот на ПЕ Сточарство при РЕ Коле Канински с.Породин во посебна работна единица, да не застапуваат пред судовите и другите органи, да поднесуваат поднесоци, да склучуваат спогодби, да поднесуваат редовни и вонредни правни лекови, да се откажуваат од истите, да поднесуваат извршување по судски пат, како и да превземаат други дејствија во заштита на нашите права.

Полномношното за случај на потреба од стручно застапување да можат да го пренесат на други лица по нивни избор.

Полномоштвото важи до неговото отповикување″.

Заради закани бркање од работа бројот се свел само на 16 лица.

Вангел Гагачев за раководител го поставил едно лице, негов доушник со виша земјоделска школа, која ја завршил вонредно. Гагачев за да опстои ги ликвидирал сите негови колеги кои од него биле поспособни. Само така тој денес опстоил најмоќниот, со најголем удел на акции, газда.

**12.** Бидејќи беа собирани потписи од вработените, се обративме до Синдикатот во Битола. Меѓутоа, тој бил партиски на СКМ, чиј моќник бил Вангел Гагачев, нејзин главник како најмоќник во Општината Битола. Токму затоа Синдикатот ништо не превзел. Состојбата останала на самите.

**13.** Вангел Гагачев отворил ново работно место, директор по сточарство и на него поставил своја личност. Таа беше директниот учесник на моето ликвидирање. Ама исто така, и на млечниот систем на молзење во говедарските фарми. Тој беше носител на неговото уништување, внесување на несоодветен систем на централно измолзилиште. Ова на Вангел Гагачев му било потребно, новиот систем да го купи од странство, а со тоа тој да пери пари, а вакви негови самоволија била без бројни, тој да се обогати. Меѓутоа, кого мене ме избркал од работа и заврши со перењето пари за централните молзилишта, катастрофално за нашите услови во говедарството, Вангел Гагачев како што моето работно место само поради мене го укина, истото го направи и за новопечениот директор по сточарство, кое повеќе никогаш не постоеше. Како што новопечениот директор катастрофално со новиот систем на молзење го

уништуваше говедарството, истото се случи и со него: од директор до извршител во говедарска фарма, дури само дел на една. Секако, тој несфатил, како што важело за други, по нивна еднократна употреба и тие за него биле ништожници. А кога тоа го сфатиле било касно. Ова било и за Синдикатот во РЕ ″Коле Канински″ с. Породин, кој беше против мене, со препорака, јас да бидам избркан од работа. Вакви беа членовите во дисциплинската комисија, во кои имаше раководни кадри, што не било дозволиво итн. А таквите лица за мое бркање добивале станови, раководни места технички директор итн.

**14.** Бидејќи нас во пресрет не ни излезе Синдикатот во Битола, а што важи и со другите структури на градот, за настанатата состојба ни преостанала само помошта на Претседателот (Премиерот) на Владата СРМ:

″ВЛАДА Социјалистичка Република Македонија

-Биро за преставки и предлози-

Бр.11-111/6

2.04.1991 година

Скопје

До Ристо Ивановски ул.′Михајло Андоновски′ 6/21 Битола

Во одговор на претставката на Инцијативниот одбор на Свињарската фарма ′Коле Канински′ од с.Породин, која работи во состав на Земјоделскиот комбинат ′Пелагонија′ Битола, упатена до Владата на СР Македонија, а која е отстапена на ова Биро, во која укажуваат дека покренале судска постапка за издвојување пред надлежниот суд, која се одолговлечува, како и за низа неправилности сторени од раководниот кадар на Комбинатот Ве известуваме за следново:

По испитувањата на наводите од претставката Бирото ја утврди следнава фактичка состојба:

I. Не се точни наводите дека судовите ја одолговлечуваат постапката. Предлогот за раздружување на Свињарската фарма од Комбинатот ′Пелагонија′ е примен во Основниот суд на здружен труд Битола, на 11.02. 1991 г. и носи СО бр.32/91 и е насрочен за 04.04.1991 година. (Значи, јас се јавив на 2.04.1991, а предметот бил ′насрочен за 04.04.1991 година′, Р.И.)

II. Што се однесува за укажувањата изнесени во преставката дека земјоделието повеќе се плаќа од другите дејности во Комбинатот, наводите не се точни. (Како под точка I и во оваа точка е изиграна Владата, Р.И.)

Распределбата на средства за лични доходи со оглед на отсуство на единствен правилник на ниво на ПОС ЗИК ′Пелагонија′ се врши врз основа на Правилник за распоределба на поранешниот ООЗТ ′Коле Канински′. Според кој правилник наградувањата на земјоделските работници се врши врз основа на изработените норми. Додека работниците во Свињарската фарма со оглед на карактерот на работата пресметувањето на личниот доход се врши врз основа на утврдени бодови за секое работно место. (Во земјоделието во зима и празници не се работи итн., Р.И.)

Точно е дека во зимскиот период на сите вработени им се исплаќа ист личен доход, но, тоа е резултат на исплата на загарантиран личен доход за месеците ноември и декември во 1990 г. и јануари во 1991 г. со оглед на тешката финансиска ситуација на Комбинатот. (Личниот доход во Свињарска фарма станал понизок откако таа повеќе небила ООЗТ=РЕ, што траело со години. Со години него Вангел Гагачев го уништувал, Р.И.)

Не се точни наводите дека не се плаќа прекувремената работа на вработените во Свињарската фарма од увидот во платниот список за месец август 1990 г. на сите вработени од фармата кои работеле на државен празник им е исплатен надомест зголемен за 50%. (Август е еден месец, Р.И.)

На крајот Ве известуваме дека со оглед на отсуство на единствен Правилник за раподелба на доходот на средствата за лични доходи на ПОС ЗИК ′Пелагонија′- Битола Републичкиот инспектор на труд за Општина Битола ќе го задолжи ова претпријатие да донесе нов Правилник кој во целост ќе ги усогласи со Колективниот договор. (Значи, Комбинат-от немал единствен Правилник со повисок доход во Свињарската фарма во однос на земјоделието само со сезонска дејност, прелесна работа..., Р.И.)

Горното Ви се доставува на знаење како одговор на претставката упатена до Владата на СР Македонија″.

На овој одговор испративме преставка: ″До Владата на Социјалистичка Република-Скопје- Биро за преставки и предлози

ПРОТЕСТ НА ВАШИОТ ОДГОВОР БР.11-111/6 ОД 02.04.1991

Ние, потписниците, преку ИНЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР (Д-р Ристо Ивановски и М-р Китан Минчевски) на Свињарската фарма РЕ ′Коле Канински′ с.Породин, при ЗК ′Пелагонија′- Битола, баравме да се разгледаат и разрешат нашите проблеми.

За жал, Вие сте неправилно информирани од страна на Инспекторот на Општината Битола, злоупотребувајќи го гарантираниот личен доход земен од ноември 1991 година (НИЕ БАРАВМЕ ЗА УНАЗАД, КАКО И ЗА ПОНЕГО), па затоа Вашиот одговор бр.11-111/6 од 02.04. 1991 е произволен, за нас навредлив и се чуствуваме изиграни. (Загарантиран личен доход бил доказ дека во земјоделството не се работело, Р.И.)

Поради наведеното, ние од Свињарска фарма, Ви јавуваме, дека сме ОБЕСПРАВЕНИ:

1. Во зима кога не работеа земјоделците, земаа општествена исхрана а седеа дома.

2. Во зима и во невреме (за време на вегетацијата) кога неработаат земјоделците, земаат полн личен доход;

3. За време на вегетацијата земјоделците работаат по норми и земаат повисок личен доход отколку раководниот и стручниот кадар во Фармата, како на пример тракористите и работниците;

4. Механичката работилница земаат процент (10%), така им е за толкав процент повисок личниот доход, како и да швајцерите добиваат млеко, додека нашиот одржувач кога швајцова, како и работниците и стручниот кадар кој работи во шталите со свињите, непримаат млеко;

5. Кога работат во време на вегетацијата, им се исплаќа личниот доход со се прекувремено (тие имаат прекувремени, ние не), иако кај нас нема сезоност, се работи во тек на цела година (365 дена), има и ноќен работник и стражар итн.

6. ДРЖАВНИТЕ ПРАЗНИЦИ НЕ СЕ ПРЕКУВРЕМЕНИ;

7. Ним им се исплаќаат недели, нас не, и тоа зголемени за 30%;

8. Превозот се регулира према земјоделците, а не према нас, а некогаш во недели, кога не работи земјоделието, иди во прашање и превозот;

9. Не се работи према БИОРИТМОТ на свињите, туку према изгревот на сонцето, нанесувајќи им штета на производството на Фармата;

10. До скоро- есеноска, автобусот не оставаше на пат, без разлика какво време беше, а од местото каде не слегуваше до Фармата е скоро 1 км, и се прашуваме, кој можи што работи во Фармата после завршена работа, да не се измие и да се качи во автобусот и секој внатре да го одбегнува поради смрдата, а ако се измие кој е тој што можи на -25 до -30$^0$ Ц да оди 1 км со влажна глава и да го зачува своето здравје;

11. Нашите вработени и стручен кадар, како доктор и магистер на наука се испраќаат на ′доброволни′ акции, со норми, по наредба на Директорот, како непожелни лица во растителното производство, дури и 100 дена во годината, за што се терети за нивното одсуство Фармата во корист на растителното производство, како и се нанесува и штети на истото, бидејќи сточарите не се стручњаци за кроење на лозја, вишни итн., што значи обострани штети;

12. НА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕД не одиме веќе 2 години (оваа е 3 година), со консултации со референтот по ХТЗ речено ни е дека директорот не одобрува средства за истото и дали е некој свесен какви последици ќе настанат, ако се знае дека свињите се подложни на ЗООНОЗИ (болести, кои преоѓаат од животните на човекот, и обратно), на пример БРУЦЕЛОЗАТА. Не смее да се заборави, да овие се со закон регулирани итн-итн.

Свесни сме да за ова писмо, ако дознае Раководниот кадар, ќе бидеме малтретирани и санкционирани, бидејќи официјално дознавме дека Инцијативниот одбор (д-р Ристо Ивановски и м-р Китан Минчевски) се веќе истерани од работа од Дисциплинската комисија на РЕ ′Коле Канински′ с.Породин при ЗК ′Пелагонија′- Битола.

(Следат 15 потписи, еден помалку од потписите во полномоштвото, Р.И.) Битола, 08.04.1991 Адреса: Д-р Ристо Ивановски ул. ′Михајло Андоновски′ број 6/21 97.000 Битола
ПС: ОВИЕ СЕ НАЈСМЕЛИ, ДОДЕКА ДРУГИТЕ СЕ ПЛАШАТ ДА НЕ БИДАТ ИЗБРКАНИ ОД РАБОТА КАКО ШТО СЕ СЛУЧИ СО ИНЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР″.

**15.** Бидејќи постапката дисциплинска мерка престанок на работен однос започнал, знаев дека ќе бидам избркан. Токму затоа ја искористив приликата кога постанал премиер (претседател) на Владата академикот проф. д-р Никола Кљусев. Тој од просрпската комунистичка партија бил испртатен на Титовиот ″Голи Оток″. Свесен дека тој нема да дозволи да му се случи на невин човек да страда, како што тој и многу други страдале, јас се јавив писмено до него. Од неговиот Кабинет го добив следниот одговор:

**16.** ″Социјалистичка Република Македонија

ВЛАДА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - Кабинет на претседателот-

Бр К 19-14/8 Скопје, 3.05.1991 год.

До Ристо Ивановски Ул. ′Михајло Андоновски′ бр..6/21 Битола

Во врска со Вашите преставки упатени до претседателот на Владата д-р Никола Кљусев, како одговор Ви го доставуваме Известувањето бр. 08-1721 од 30.04.1991 година на Министерството за труд и социјална политика.

Прилог: 1 Шеф на Кабинетот, Душан Стојанов″.

″Социјалистичка Република Македонија

Министерство за труд и социјална политика

бр.08-1721 од 30.04.1991 год. Скопје

ДО ВЛАДАТА НА СР МАКЕДОНИЈА

-Кабинет на претседателот- Скопје

ПРЕДМЕТ: Известување

ВРСКА: Ваш број К 19-14/5 и 14/7

Во врска со Вашите писма под горните броеви со кои барате Републичкиот инспекторат за труд да изврши надзор по наводите во преставката во делот на начинот и постапката на водење на дисцилинската постапка и на изречената дисциплинска мерка на д-р Ристо Ивановски и Китан Минчевски вработени во ПОС ЗИК ′Пелагонија′- Битола и ја утврди фактичката состојба, Ве известуваме следното:

Републичкиот инспекторат за труд преставките ги одстапи на Републичкиот инспектор за труд во организационата единица во Битола, а со цел како надлежен орган да постапи по наводите во претставките.

Инспекторот за труд при општината Битола на 18.04.1991 година изврши надзор во ПОС ЗИК ′Пелагонија′- Битола во врска со наводите во преставките односно на начинот и постапката на водење на дисциплинската постапка и на изречените дисциплински мерки престанок на работниот однос на д-р Ристо Ивановски и Китан Минчевски и ја константира следната фактичка состојба:

За константираната фактичка состојба, Ви доставуваме записник за извршениот надзор. Меѓутоа, и покрај тоа сметаме за потребно да Ви укажеме дека според наодот на инспекторот за труд дисцилинската постапка е водена на начин и постапка согласно законските прописи од обласга на работните односи и Правилникот за одговорност на работниците во ПОС ЗИК ′Пелагонија′- Битола.

Иако според наодот на инспекторот за труд повредите на работните обврски за кои се теретат д-р Ристо Ивановски и Китан Минчевски на главната расправа водена од дисциплинската комисија не се докажани со факти и докази дека истите ги сториле, инспекторот не е надлежен да се впушти во оценка на доказната постапка во оценка на фактите и доказите кои биле презентирани на главната расправа пред дисциплинската комисија.

Според тоа, во конкретниот случај инспекторот за труд не може да интервенира и да преземе понатамошни дејствија за заштита на правата на работниците од причини што дисциплинската постапка е водена на начин и постапка согласно законските прописи и самоуправни општи акти од областа на работните односи.

Основниот суд на здружен труд е исклучиво надлежен мериторно да одлучи и да се впушти во оценка на доказната постапка.

Во врска со наводите во преставките кои се однесуваат на инцијативата за статусни промени во ПОС ЗИК ′Пеалгонија′- Битола, Ве известуваме следното:

Според Законот за претпријатијата, внатрешната организација на претпријатијата автономно ја уредува самото препријатие. Внатрешната организација на препријатието не е

предмет на законско уредување, туку на автономно уредување на препријатијата. Законот содржи само две општи одредби со кои се дава овластување со статусот на претпријатието да може да се утврди дел од претпријатието да има определени овластувања во правниот промет како и посебна пресметка на резултатите од работењето, во согласност со Закон и според кои деловите на претпријатијата немаат својство на правно лице.

Според тоа, нема никакви законски пречки за покренувањи во препријатијата за предлагање на промени во нивната внатрешна организација во согласност со општите акти на претпријатието, а надлежните органи во претпријатието треба да ги разгледаат и да се произнесат по истите, респектирајќи ги причините, мотивите, целите и ефектите од предлозите за промените што се предлагаат.

Во преставката е наведено дека се собрани 21 потпис од вработените во РЕ ′Свињарска фарма′ од составот на ЗК ′Пелагонија′- Битола за издвојување на РЕ ′Свињарска фарма′ од ЗК ′Пелагонија′. (Наведеното не е точно, туку се собрани 21 потпис за посебна РЕ ′Свињарска фарма′ како што била порано.Токму затоа таа самата си располагала со доходот...,Р.И.)

Според членот 187-а Законот за претпријатијата можат да се вршат три вида статусни промени поделба на препријатието, спојување и припојување. Законот не предвидува издвојување како статусна промена, бидејќи деловите на препријатијата немаат правен субјективитет и затоа не можат да одлучуваат за издвојување од претпријатието. (Ова нема врска со нашиот предмет. Ние баравме да се издвоиме само од РЕ ′Коле Канински′-с.Породин, а не од Комбинатот. Збрките ги направиле структурите на старата власт која била се до со 1990 година, што опстоило до денес, Р.И.)

Во смисла на наведените законски одредби, предлагачите ќе треба да ја проценат, конкретизираат и дефинираат инцијативата во смисла на тоа дали тоа ќе значи предлогот за промена на внатрешната организација со организирање на посебна РЕ ′Свињарска фарма′ во состав на ЗК ′Пелагонија′, ако тоа го нема ова својство на внатрешна организациона единица или ќе значи предлог за поделба на претпријатието во две или повеќе нови претпријатија, а по која одлука донесува органот на управувањето на претпријатието″. (Била само едно, во посебна РЕ ″Свињарска фарма″, вон составот на РЕ ″Коле Канински″, а во склоп на ЗК ″Пелагонија″- Битола. Никогаш не паднало збор за посебно претпријатие вон составот на ЗК ″Пелагонија″-Битола. Се било јасно превидено, се било точно кажано, Р.И.)

**17.** Под точка 16. се истакна: повредите ″на главната расправа водена од дисциплинската комисија не се докажани со факти и докази дека истите ги сториле″...″нема никакви законски пречки за покренувањи во препријатијата за предлагање на промени во нивната внатрешна организација во согласност со општите акти на претпријатието, а надлежните органи во препријатието треба да ги разгледаат и да се произнесат по истите, респектирајќи ги причините, мотивите, целите и ефектите од предлозите за промените што се предлагаат″.

Јас бев избркан од работа за повреди кои ″не се докажани со факти и докази″. Исто така, јас предлагав Свињарската фарма да биде посебна РЕ во Комбинатот, а не издвоена од него. Токму затоа ″нема никакви законски пречки за покренувањи во препријатијата за предлагање на промени во нивната внатрешна организација″. Се ова говори само едно, јас бев ликвидиран, затоашто јас на Вангел Гагачев нема да му дозволев тој да го уништи Комбинатот и од чумата... ликвидира 100% Свињарска фарма.

**18.** ″Социјалистичка Република Македонија

ВЛАДА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Скопје, 10.05.1991 г.
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-Кабинет на Претседателот-
Бр. К 19-14/7

До Ристо Ивановски, Ул. ′Михајло Андоновски′ бр.6/21, Битола.

Во врска со Вашата преставка упатена до Претседателот на Владата, во прилог Ви го доставуваме Известувањето бр. 03-1046/2 од 9.05. 1991 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Исто така, Ве известуваме дека со Известување и Известувањето на Министерството за труд и социјална политика, што Ви го доставивме со наше писмо бр. К 19-14/8 од 3.05.1991

година, сметаме дека се изнесени можностите за натамошно постапување по вашите преставки и затоа нема потреба повторно да ни се обраќате со исто барање.

ПРИЛОГ: 1 ШЕФ НА КАБИНЕТОТ Душан Стојанов″.

″Социјалистичка Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,

ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Бр.03-1046/2 од 09.05.1991 година Скопје

ДО ВЛАДАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

-Кабинет на претседателот- Скопје

ПРЕДМЕТ: Известување по преставка

ВРСКА: Ваш бр.К 19-14/7 од 17.04.1991 година

По повод преставката на членовите на Инцијативниот одбор на Свињарска фарма ЗК ′Пелагонија′- Битола на кои им е изречена мерка престанок на работниот однос, ова Министерство оцени дека се работи за прашање од работен однос за кое треба да решава надлежниот суд а не Министерството за земјоделство, шумарство и водостопоанство.

По однос на наводите во преставката за неприфаќање на предлогот на Инцијативниот одбор за одвојување на Свињарската фарма како посебна работна единица, од страна на ЗК ′Пелагонија′- Битола, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство смета дека тоа е прашање од организационен карактер, па со оглед на тоа што работниците управуваат со претпријатијата во општествена сопственост (член 3 од Законот за претпријатијата) тие сами треба да се изјаснат и за начинот на своето работење. МИНИСТЕР Д-р Иван Ангелов″.

**19.** ″Социјалистичка Република Македонија

ВЛАДА НА СР МАКЕДОНИЈА

-Биро за преставки и предлози

Бр. 11-278/5 од 25.06.1991 година Скопје

До Д-р Ристо Ивановски Ул. ′Михајло Андоновски′ бр.6/21 Битола

Во одговор на Вашата преставка упатена до Претседателот на Република Македонија, а која е отстапена на ова Биро во која укажувате на незаконското изречена дисциплинеска мерка- престанок на работниот однос од страна на Вашата работна организација, Ве известуваме за следново:

Во испитување на наводите од Вашата преставка преку трудовата инспекција константирано е дека дисциплинската постапка, процедурално е водена во склад со Законот за основните права од работен однос и Правилникот за одговорност на работниците во ПОС ЗК ′Пелагонија′- Битола.

Вам Ви останува правото да покренете спор пред Основниот суд на здружен труд Битола, што сте го и сториле и да ја сочекате одлуката на Судот.

Горното Ви се доставува на знаење како одговор на Вашата преставка.

НАЧАЛНИК Добросав Кучера″.

**20.** Започнал судскиот маратонски спор, и тоа со единствена цел, само психолошка војна, да умре тужителот додека заврши судскиот спор.

Со РО.бр.516/91 Основниот суд на здружен труд- Битола, со судии ″Христина Белевска- како претседател на советот, повремените судии Вецко Пармаковски и Љубиша Средовски- како членови на советот″ ″на 26.06.1991 год. во Битола ја донесе следната ОДЛУКА

СЕ ОДБИВА барањето на предлагачите Ристо Ивановски и Китан Минчевски и двата од Битола, да се поништи Одлуката на дисципли-нската комисија на учесникот ПОС ЗК ′Пелагонија′-Битола РЕ ′Коле Канински′-с.Породин број 04-225/2 од 13.05.1991 год. со која се прогласени за виновни за сторена постапка повреда на работната обврска и им е изречена дисциплинска мерка ′престанок на работниот однос′,- КАКО НЕОСНОВАНО″. (Христина Белевска беше судија, а работеше по препорака на власта.Таа не избираше начин да дојде до повисоко работно место, Р.И.)

Со Гж.бр.143/92 Окружниот суд во Битола ″во состав составен од судиите: Томе Сарџовски претседател на советот, Олга Бошевска и Владимир Атанасов″...″решавајќи по жа-

лбите на предлагачите против одлуката на Основниот суд на здружен труд Битола РО.бр. 516/01 од 26.06.1991 годи-на, на седницата од 25.02.1992 година, го донесе следното РЕШЕНИЕ

Жалбата на предлагачите,- СЕ УВАЖУВА.

Одлуката на Основниот суд на здружен труд Битола РО.бр.516/91 од 26.06.1991 година,- СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на Општинскиот суд Битола, на повторно судење″.

Претседателот на Основниот суд во Битола предметот му го додели на судијата Стевче Караманди. Тој мене ми соопшти, бидејќи се врши присила вие да го изгубите судскиот спор, јас го вратив предметот. ДОКАЗ: Бројот на предметот 987/92 бил на судијата Стевче Караманди.

Бидејќи за повредите немало докази и факти, другиот судија ″Васко Радевски како претседател на советот″ од Општинскиот суд во Битола на расправата на 18.06.1992 го донесе следното ″РЕШЕНИЕ

Предлогот на тужителите СЕ УВАЖУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот ЗК Пелагонија АД Битола РЕ ′Коле Канински′ с.Породин на тужителите Д-р Ристо Ивановски и М-р Китан Минчевски поранешни негови работници да им исплаќа личен доход почнувајќи од 1.07.1992., па до правосилното окончување на спорот, под страв на кривична и материјална одговорност.

Жалбата не го одлага спроведувањето на ова решение″.

Со Гж.бр.1259/92 Окружниот суд во Битола ″во совет составен од судиите Томе Сарџовски претседател на советот, Олга Бошевска и Владмир Атанасов, членови на советот″ ...″решавајќи по жалбата на тужениот против решението на Општинскиот суд од Битола П. бр.987/92 од 18.06.1992 год., на најавната седница одржана на ден 19.09.1992 год. го донесе следното РЕШЕНИЕ

Жалбата на тужениот СЕ УСВОЈУВА.

Решението на Општинскиот суд во Битола П.бр.987/92 од 18.06. 1992 год., -СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно постапување″.

″ОПШТИНСКИОТ СУД ВО БИТОЛА, како процесен правостепен во совет со судијата Васко Радевски како претседател на советот и судиите поротници Илија Тасевски и Ловре Ивановски како членови, во правната работа на тужителот Ристо Ивановски од Битола ул. ′Михајло Андоновски′ 6/21 и Китан Минчевски од с.Кравари- битолско, против туженот ЗИК Пелагонија РЕ ′Коле Канински′ с. Породин, основ поништување на одлука за изречена дисциплинска мерка престанок на работен однос по одржаната усна, јавна и главна расправа во присуство на тужителите и нивниотполн. адв.Ристо Димовски и пол. на туженот Виолета Блажевска на 3.11.1992 год. донесе

I

П Р Е С У Д А

Тужбеното барање на тужителите СЕ УВАЖУВА.

Одлуката на дисциплинската комисија на туженот ЗИК Пелагонија РЕ ′Коле Канински′ с.Породин бр.04-225/2 од 13.5.1991 год. со која се прогласени тужителите Ристо Ивановски и Минчевски Китан за виновни за сторени потешки повреди на работната обврска и им е изречена дисцилинска мерка престанок на работен однос како и решението бр.030687/1 од 20.5.91 год. со која се одбива приговорот на тужителите а се потврдува одлуката на првостепената дисциплинска комисија СЕ УКИНУВАТ и се задолжува туженот, тужителите да ги врати на работа и работни задачи и тоа тужителот Ристо Ивановски советник во ПЕ сточарство и тужителот Китан Минчевски на работа и работни задачи селекционер матичар, во рок од 15 ден по приемот на пресудата во кој рок туженот е должен на тужителите и да им ги надоместо трошковите по постапката во износ од 194.750 ден.

II

Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот на тужителот Ристо Ивановски и Китан Минчевски за издавање на времена мерка СЕ УВАЖУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА туженот ЗИК Пелагонија АД Битола Ре ′Коле Канински′ с.Породин на тужителите Ристо Ивановски и Китан Минчевски да им се исплаќа надоместок на

личен доход што би го остварувале до колку беа на работа почнувајќи од 1.7.1992 год. па до правосилното окончување на спорот под страв на кривична и материјална одговорност.

Жалбата не го одлага спроведувањето на ова решение.

Ова решение да го спроведе извршниот орган на овој суд″.

**21.** Со И.бр.6925/92 ″ОПШТИНСКИОТ СУД ВО БИТОЛА, со судијата поединец Драгомир Тодоровски, по извршниот предмет на довери-телот Ристо Ивановски од Битола против должникот ЗК ′Пелагонија′ РЕ ′Коле Канински′ од с.Породин, за парично побарување денес на 28.01.1993 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Врз основа на решението П.бр.987/92 од 3.11.1992 година се определува извршување врз паричните средства на должникот заради наплата на вкупна сума од 804.911,00 денари.

Решението ќе го спроведе СОК Битола на начин што од сметката на должникот ЗК ′Пелагонија′ РЕ ′Коле Канински′ од с.Породин бр.40300-601-8878 ќе го наплати горенаведениот износ и ќе го исплати како следува:

- На Ристо Ивановски од Битола ул. ′Михајло Андоновски′ бр. 6/21 износ од 256.445,00 денари на име личен доход за декември и разлика за претходните месеци, како и 16.900,00 денари на име извршни трошоци...

Приговорот не го одлага извршувањето″.

Со И.бр.6925/92 ″ОПШТИНСКИОТ СУД ВО БИТОЛА, со судијата поединец Драгомир Тодоровски, по извршниот предмет на доверителот Ристо Ивановски од Битола против должникот ЗК ′Пелагонија′ РЕ ′Коле Канински′ од с.Породин, денес на 24.2.93 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Извршувањето дозволено со решението И.бр.6925/92 од 10.12.1992 година и со решението под ист број од 28.1.1993 година СЕ ЗАПИРА, сите спороведени извршни дејствија СЕ УКИНУВААТ″.

Ова се наведува само со цел да се потврди, судскиот спор бил монтиран а судиите не судат спрема законите, туку спрема НАРЕДБАТА.

**22.** Следи промена на судиите во Окружниот и Општинскиот суд без мое знаење. Тие не судеа, туку ми ги проширувааа обвинувањата. Во нивните одлуки имаше само една странка, тужениот. Токму затоа јас против нив поднесов и кривични пријави,а и барав тие да бидат иземени. Меѓутоа, тоа не беше прифатено, тие непречено судеа и мене ме ликвидираа. Со тоа тие им овозможија на директорот Вангел Гагачев тој да постане газда на државен Комбинат, порадишто тој до денес е главен носител на акциите.

**23.**Со Гж.3267/92 ″ОКРУЖНИОТ СУД БИТОЛА...во совет составен од судиите: Ристо Георгиевски претседател, Бранко Цокински и Никола Николовски како членови...решавајќи по жалбата на тужениот изјавена против пресудата и решението на Општинскиот суд Битола. П.бр.987/92-I, од 3.11.1992 год., на седницата одржана на ден 13.1.1993 год., донесе

РЕШЕНИЕ

Жалбата на тужениот, -СЕ УВАЖУВА.

Пресудата и решението на Општинскиот суд од Битола, П.бр.987/ 92-I, од 3.11.1992 год., -СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно судење″.

**24.** ″ОПШТИНСКИОТ СУД ВО БИТОЛА, во совет составен од судијата Благој Доновски, како претседател на советот и судиите поротници Петар Ивановски и Илија Кленковски, членови на советот...на 12.03. 1993 г. ја донесоа следнава

П Р Е С У Д А

Тужбеното барање...СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот на тужителите за да судот издаде времена мерка, со која што ќе го задолжи тужениот да им исплаќа на тужителите надоместок на личен доход што би го остварувале, до колку би биле на работа, сметано од 1.07.1992 г. па до правосилното окончување на спорот СЕ ОДБИВА″.

**25.** Следи нашиот адвокат Ристо (Ицко) Димовски нашата жалба да ја закасни, за таа да биде одбиена како неблаговремена. Ова било и во договор со Китан Минчевски, кој бил вратен на работно место, а судењето продолжи само за мене. Ако кон ова се додаде дека ние

двата бевме со заедничка тужба, а процесот продолжи само за мене, е доказ, дека директорот Вангел Гагачев со судовите решиле само мене да ме ликвидира, а не поранешниот раководител на Свињарска фарма Китан Минчевски, кој бил носител на се во фармата: договор со вработени, собирање потписи...

**26.** Со Гж.бр.1314/93 ″ОКРУЖНИОТ СУД ВО БИТОЛА...во совет составен од судиите Ристо Георгиевски како претседател, Бранко Цокински и Никола Николовски како членови...решавајќи по жалбата на тужителите, поднесена од полномошникот Ицко Димовски адв.од Битола, против пресудата на Општинскиот суд- Битола II.бр.987/21 од 12.03. 1993 год., на седницата одржана на ден 18.05.1993 год. донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителите д-р Ристо Ивановски од Битола и м-р Китан Минчевски од с.Кравари, поднесена преку полномошникот Ицко Димовски адвокат од Битола- против пресудата на Општинскиот суд- Битола П.бр.987/92 од 12.03.1993 год.,- СЕ ОТФРЛА како неблаговремена″.

**27.** Јас како неука странка поднесов жалба до Врховниот суд истиот ден кога адвокатот ја добил пресудата со решението од Општинскиот суд. Ова беше и со цел дека судиите како подплатени извршители на директорот со развлечено судење сакаат да ме проумрат, како стара пракса на ненародното судство во државава. Следи јас против адвокатот да поднесам кривична пријава. А Обвинтелството отсекогаш било ненародно. Едноставно, тоа како што го направи со судиите, истото го направи и со адвокатот.

**28.** Со Рев.бр.1303/93 ″ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА во Скопје во Советот составен од судиите Ранко Максимовски- претседател, Ларинка Стојановска, Патар Голубовски, Кочо Хаџи Лега и м-р Димитар Узунов, одлучувајќи по ревизијата изјавена од тужителот д-р Ристо Ивановски против решението на Окружниот суд во Битола Гж.бр.1314/93 од 18.05.1995 година, на седницата одржана на ден 1.02.1994 година го донесе следното Р Е Ш Е Н И Е

Ревизијата најавена од тужителот д-р Ристо Ивановски од Битола СЕ УВАЖУВА.

Решението на Окружниот суд во Битола Гж.бр.1314/93 од 18.05.1993 година СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на истиот суд на повторно судење″.

Во образложението, на стр. 2 стои: ″Од списите во предметот се утврдува дека тужителот на ден 6.04.1993 година, сами поднеле жалба против пресудата на Општинскиот суд П. бр.987/92 од 12.03.1993 година, но каја ја упатиле до Врховниот суд″. Ова е погрешка, треба да стои: ″Од списите во предметот се утврдува дека тужителот на ден 6.04.1993 година, самиот д-р Ристо Ивановски поднел жалба против пресудата на Општинскиот суд П.бр.987/92 од 12.03. 1993 година, но која ја упатил до Врховниот суд″. Ова било затоа што адвокатот Ицко Димовски, кој намерно ја закаснал жалбата само јас да го изгубам судскиот спор, а тоа било во договор со Китан Минчевски, со судиите и тужениот.

**29.** Во претходната точка 28. стоеше: ″одлучувајќи по ревизијата изјавена од тужителот д-р Ристо Ивановски″...″Ревизијата најавена од тужителот д-р Ристо Ивановски од Битола СЕ УВАЖУВА″...″Од списите во предметот се утврдува дека тужителот на ден 6.04.1993 година, самиот д-р Ристо Ивановски поднел жалба против пресудата на Општинскиот суд П. бр.987/92 од 12.03.1993 година, но каја ја упатил до Врховниот суд″. Со ова се потврдува, дека Китан Минчевски бил договорен со тужителот, тој да го повлече своето тужбено барање од заедничката тужба, а судењето продолжило само за мене. Токму само јас бев ликвидиран, а Китан Минчевски беше вратен на работа. Значи, судовите во државава извршувале зло дела.

**30.** ″ОПШТИНСКИОТ СУД ВО БИТОЛА, со судијата Благој Доновски како прéтседател на советот...на ден 23.06.1993 година го донесе следното

РЕШЕНИЕ

Предлогот на полн. на тужителите адв. Ристо Димовски за да се укини решението на Окружниот суд Битола Гж.бр.1314/93 од 18.05.1993 година и да се врати предметот при истиот суд заради одлучување по жалбата што е поднесена од негова страна против пресудата П.бр. 987/92 од 12.03.1993 година на Општинскиот суд Битола СЕ ОДБИВА.

II

Предлогот на предлагачите Ристо Ивановски од Битола и Китан Минчевски од с.Кравари за враќање во поранешна состојба СЕ УСВОЈУ-ВА. (Предлагач бев само јас, а не подмитениот Китан Минчевски, Р.И.)

СЕ УКИНУВА решението на Окружниот суд Битола Гж.бр.1314/ 93 од 18.05.1993 година и предлогот се враќа на Окружниот суд Битола за постапување по жалбата поднесена од тужителите" (Само од мене, Р.И.).

Со Гж.бр.475/94 "ОКРУНИОТ СУД ВО БИТОЛА...во совет составен од судиите Томе Сарџовски претседател на советот, Олга Бошевска и Владимир Атанасов членови на советот...на нејавната седница одржана на ден 22.04.1994 година, донесе Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителите,- СЕ УВАЖУВА.

Пресудата и ревизијата на Општинскиот суд во Битола П.бр.987/ 92 од 12.03.1993 година,- СЕ УКИНУВААТ и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно судење".

"ОПШТИНСКИОТ СУД ВО БИТОЛА...судијата Благој Доновски...на 27.06.1994 год. ја донесе следнава

П Р Е С У Д А

Тужбеното барање на тужителот Ристо Ивановски за да се поништи одлуката на дисциплинската комисија на тужениот ПОС ЗИК 'Пелагонија' Битола РЕ 'Коле Канински' с.Породин бр.04-225/2 од 13.05.1991 год. со која е огласен за виновен за сторена потешка повреда на работната обврска и му е изречена дисциплинска мерка престанок на работниот однос, па да се задолжи тужениот да го врати тужителот на работно место советник во ПЕ сточарство во рок од 8 дена по приемот примерок од пресудата, СЕ ОДБИВА.

Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот на тужителот, за да судот издаде времена мерка со која што ќе се задолжи тужениот да му исплатува по 10.000 ден. месечно во вид на надомест на личен доход сметано од 1.05.1994 год. па до правосилното окончување на спорот, СЕ ОДБИВА.

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека тужбата на тужителот Китан Минчевски со која што бараше да се поништи одлуката на дисцилинската комисија на тужениот бр.04-225/2 од 13.05.1991 год. со која што му е изречена мерка престанок на работниот однос, па да се задолжи тужениот во рок од 8 дена да го врати на работно место селекционер матичар, Е ПОВЛЕЧЕНА".

**31.** Се потврдува, главниот носител на инцијативата во Инцијативниот одбор Китан Минчевски се повлекол од понатамошното тужење, тој одма бил вратен на работа, а иако тужбата била заедничка судскиот спор продолжил само за мене. Ако се земи во предвид, дека Китан Минчевски како претходен раководител на Свињарска фарма бил обвинет за повеќе и потешки дела во споредба со мене, се потврдува, не се судело, туку само Правосудството ликвидирало, токму мене. Ова се потврдува и со доказот, дека јас имав поднесено кривични пријави на судиите од судовите, а тие непречено судеа. Ова го знаеше и претседателот на Окружниот суд м-р Божидар Кочов. До него беа приложени фотокопиите на кривичните пријави. Меѓутоа, тој судиите не ги изземе. Следи тој, претседателот на Окруж-ниот суд, да ја потврди одлуката, во судскиот совет како претседател.

Со Гж.бр.2113/94 "ОКРУЖНИОТ СУД ВО БИТОЛА како граѓански второстепен во совет составен од Претседателот на судот м-р Божидар Кочов како претседател на советот и судиите: Благој Стојковски и Владимир Атанасов, како членови...Ристо Ивановски од Битола, против пресудата на Општинскиот суд во Битола, П.бр.987/92-I од 27.6.1994 год., на седницата одржана на 7.11.1994 г. донесе

П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот., -СЕ ОДБИВА.

Пресудата на Општинскиот суд во Битола, П.бр.987/92-I од 27.6. 1994 год.,-СЕ ПОТВРДУВА".

**32.** Во одлуките на судиите постои само една странка, тужениот. Следи судиите, кои ме ликвидирале, напреднале. Таков бил Благој Доновски. Тој не сакал да учи. Токму затоа тој во Општинскиот затвор- Битола работел како затворски клучар. Тој решил да има диплома на Правен факултет, неа тој добил. Дури станал судија. Како злобен извршител на власта, која никогаш не била народна, достигнал до врховен судија. Врховен судија постанал

Владимнир Атанасов итн. Пак, адвокатот Ицко Домовски, подмитена личност, продолжил да ја обавува службата адвокат.

**33.** Бидејќи маратонскиот судски спор немаше завршница, а тоа беше со цел јас да не бидам меѓу живите, судска пракса на ненародното Правосудство, со судии ѕверови, кои профитирале на моја сметка, морав да се обраќам до Врховниот суд, конечно да се реши судскиот спор. Одговор:

″ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

12 Бр. 603/95 29.11.1995 год. Скопје

До Д-р Ристо Ивановски Ул. Михајло Андоновски бр.6/21 Битола

Разгледана е Вашата преставка. По извршената проверка во граѓанското одделение при овој суд Ве известуваме дека Вашиот предмет е заведен под Рев.бр.127/95 на 31.01.1995 година, по разгледувањето од страна на судијата известител административно е вратен на Општинскиот суд Битола на ден 29.09.1999 година.

Секретар на Врховниот суд на Република Македонија Мирослава Николова″. (″административно е вратен на Општинскиот суд Битола″,Р.И.)

″ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

12 Бр. 603/95 25.01.1996 год. Скопје

До Г-дин Ристо Ивановски Ул.Михајло Андоновски бр.6/21 Битола

Предмет: Известие

Во врска со Вашата преставка, а по извршената проверка во граѓанското одделение при овој суд Ве известувам дека Вашиот предмет доставен на овој суд на надлежност по изјавена ревизија е заведен под Рев.бр.51/96 и ќе биде земен во работа приоритетно″

″РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

-Служба за преставки-

Бр. 11-617/4 18.07.1996 Скопје

До Г-дин Ивановски Ристо ул.′Михајло Андоновски′ бр.6/21 Битола

Во врска со Вашата преставка до претседателот на Република Македонија, а доставена до оваа Служба во која укажувате на бавното решавање на Вашиот работен спор И.бр. 987/91 кој по ревизија од 24.12.1994 година, се наоѓа во Врховниот суд на Македонија, Ве известуваме дека истата ја испитавме преку Врховниот суд на Македонија.

Од Врховниот суд со писмо бр.12-946/96 примено во оваа Служба на 16.7.1996 година, сме информирани дека по предметот е во тек постапка на одлучување.

Ве молиме горното примете го како одговор на Вашата преставка. Раководител Добросав Кучара″.

Во Врховниот суд се развлекувале одлуките, што се гледа подолу.

″РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

-Служба за преставки-

Бр.11-845/2 16.09.1995 Скопје

До Гдин Ристо Ивановски ул.′Михајло Андоновски бр.6/21 Битола

Во одговор на Вашата преставка упатена до претседателот на Републиката а која е доставена на оваа Служба во која барате убрзување на Вашиот предмет кој по ревизија Рев. бр.51.96 се наоѓа во Врховниот суд на Република Македонија, Ве известуваме дека за тоа Ви е одговорено од оваа Служба со писмо бр. 11-617/2 од 19.07.1996 година.

Заради тоа согласно член 10-а од Законот за постапување по преставки и предлози (′Сл.весник на СРМ′ бр.36/77, 12/89 и 19/90), нема основ за повторно постапување по Вашата преставка″.

″ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

12 Бр. 603/95 25.09.1995 год. Скопје

До Г-дин Ристо Ивановски Ул.′Михајло Андоновски′ бр.6/21 Битола

Во врска со Вашето барање до претседателот на Врховниот суд на Република Македонија Димитрие Димишковски за побрзо решавање на предметот Рев.бр.51/95, по негов на-

лог, извршив соодветни проверки и утврдив дека предметот е во постапка на одлучување. Одлуката на судот ќе ви биде доставена по редовен пат.

По овластување на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија Одговорен работник Марика Попова″.

″РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА″
-Служба за преставки-
Бр.11-1134/2 28.11.1996 год. Скопје
До Г-дин Ристо Ивановски Ул.′Михајло Андоновски′ бр.6/21 Битола

Во врска со Вашата повторена преставка упатена до претседателот на Републиката а која е доставена на оваа Служба во која барате забрзување на предметот Рев бр. 51/96 кој по ревизија се наоѓа во Врховниот суд на Македонија, Ве известуваме за следново:

Постапувајќи по наводите изнесени во Вашата преставка со писмо бр. 11-1134/2 се обративме до претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, со барање за побрзо решавање на Вашиот предмет.

Ве молиме горното примете го како одговор на Вашата преставка. Раководител Добросав Кучара″.

″РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-Служба за преставки-
Бр. 11-1193/2 19.12.1996 год. Скопје
До Г-дин Ристо Ивановски ул.Михајло Андоновски бр.6/21 Битола

Во врска со Вашата преставка упатена до претседателот на Републиката во која баравте побрзо решавање на предметот Рев.бр.51/96 Ве известуваме дека од страна на Врховниот суд на Република Македонија со писмо број 12 946/96 од 5.12.1996 година сме известени дека предметот Рев бр.51/96 е решен, а одлуката ќе Ви биде доставена по редовен судски пат.

Ве молиме горното примете го на знаење″.

″РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-Служба за преставки-
Бр. 9.04.1997 год. Скопје
До Г-дин Ристо Ивановски ул.′Михајло Андоновски′ бр.6/21 Битола.

Во одговор на Вашата повеќе пати повторени преставки упатени до претседателот на Републиката, а кои беа доставени на постапување на оваа Служба во врска со Вашето барање за побрзо решавање на предметот Рев.бр.51/96 кој по ревизија се наоѓа во Врховниот суд на Република Македонија Ве известуваме дека Ви е даден одговор од оваа Служба со писмо бр.11-1134 од 28.11.1996 година.

Заради тоа согласно член 10-а од Законот за постапување по преставки и предлози (′Сл.весник на СРМ′ бр.36/77, 12/89 и 19/90) нема основ од повторно постапување.

Раководител Добросав Кучера″.

Пресудата Врховниот суд ја донел 21.11.1996, од Влада е 9.4.1997.

Со Рев.бр.51/96 ″ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА во совет составен од судиите: Ранко Максимовски-претседател, Кирил Чавдар, Петар Голубовски, Љубинка Муратовска-Маркова и Виолета Јосифова-членови, по правната работа на тужителот Ристо Ивановски од Битола против тужениот ЗИК ′Пелагонија′ РЕ ′Коле Канински′ од с.Породин, за поништување на одлука за престанок на работен однос, решавајќи по ревизијата на тужителот поднесена против пресудата на Окружниот суд во Битола Гж.бр.21113/94 од 07.11.1994 година, на седницата одржана на ден 21.11.1996 година, донесе

П Р Е С У Д А

Ревизијата СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА″.

Во ревизијата постои само една странка, тужениот, без тужител.

Одлуката не била едноласна. Судијата Кирил Чавдар бил против...

**34.** Врховниот судија Вангел Гагачев, првбратучед на директорот Вангел Гагачев, цела година го држел предметот во својата фиока; без едногласна одлука, врховниот судија Ки-

рил Чавдар бил против. Како што судијата Васко Радевски не бил избран, врховниот судија ја напуштил функцијата. Ова било само поради тоа што судиите мораат да бидат послушни.

**35.** Во сите одлуки не беше земен предметот од Кабинетот на претседателот, Владата на Социјалистичка Република Македонија, Бр К 19-14/8 од 3.05.1991, што го наведив под точка **16.**, а од 20.05.1991 останав без работен однос и право на вработување се до денес. Токму затоа јас него за сите расправи дополнително морав да го приложував. Едноставно судиите него го уништувале, од него немаше трага. Со тоа што тие ги криеле потврдувањата дека за наведените повреди намало докази и факти, е најбитното сведочење за монтираниот маратонски судски спор, кој не завршил само со мој смртен случај, на што му претходеше мојате стручна и материјална ликвидација, понижувањете, навредувањете итн. итн.

**36.** Како што во ниедна судска одлука не бил наведен предметот од Кабинетот на претседателот на Владата на Социјалистичка Република Македонија Бр К 19-14/8 од 3.05.1991, истото се случило во Народниот правобранител. Ова било затоашто тој не бил народен, туку само партиски:

″Република Македонија

НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Бр. НП-24/2 02.02.1998 година Скопје

До Ристо Ивановски ул.′Михајло Андоновски′ бр.6/21 Битола

ПРЕДМЕТ: Доставување на одлука

Во прилог Ви ја доставуваме Одлуката на Народниот правобранител во врска со Вашата преставка бр.73/1/97 донесена на 28.01.1998 година, поднесена на 01.12.1997 година.

Заменик на народниот правобранител Сузана Салиху″.

″Република Македонија

НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Бр. НП- 24/2 02.02.1998 година Скопје

Согласно член 16, алинеја 1 од Законот за Народниот правобранител, на ден 28.01. 1998 година Народниот правобранител ја донесе следната

О Д Л У К А

СЕ ОТФРЛА преставката поднесена од Ристо Ивановски од Битола, бидејќи од изнесените податоци произлегува дека не се работи за повреди на основните слободи и право на човекот и граѓанинот, или за некоја друга неправилност од страна на органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања. (Силеџиска одлука на нернароден правобранител, на просрпскиот комунистички режим, Р.И.)

О б р а з л о ж е н и е

До Народниот правобранител Ристо Ивановски од Битола, поднесе преставка во која меѓу другото се наведува дека како кандидат за генерален директор на ЗК ′Пелагонија′ во Битола, Вангел Гагачев (актуелен директор на овој комбинат) му изрекол дисциплинска мерка- престанок на работниот однос а со ова и монтиран судски процес и дека сите судски одлуки биле донесени под влијание на Вангел Гагачев.

Во наводите во претставката Ве известуваме дека Народниот правобранител според член 2 од Законот за Народен правобранител е орган на Републиката кој ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавно овластување. Со оглед на тоа дека ЗК ′Пелагонија′ од Битола не преставува орган на државната управа што има јавни овластувања, Народниот правобранител не е надлежен да постапува.

Исто така, со оглед на тоа дека судовите се самостојни и независни, Народниот правобранител не може да се впушта во тоа дали нивните одлуки се правилни или неправилни. (Значи, тој морал да се укини, Р.И.)

Во проучувањето на наводите во преставката, оценуваме дека во конкретниот случај не се работи за повреда на основните права и слободи на човекот и граѓанинот ниту пак за некоја друга неправилност од страна на органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања, поради што во смисла на одредбите од член 16, алилеја 1 од Законот за Народниот правобранител се одлучи како во диспозитивот.

ДОСТАВЕНО ДО:

поднесителот на преставката НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Бранко Наумовски".

Иако до Народниот правобранител беше поднесен цел предмет, воден во судовите, работниот однос не бил основно право и слобода на човекот и граѓанинот. Следи човекот и граѓанот да умре за јадење...

Бранко Наумовски неговата комунистичка партија го унапредила. Па тој станал уставен судија. Така тој ја достигнал комунистичка врхушка.

**37.** Бидејќи судскиот спор беше политички, сакајќи да се повтори постпаката, неколку пати се обратив до претседателот на Врховниот суд. Од него ги добив следните одговори:

"ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

12 Бр. 1634/99 13.01.2000 Скопје

До Ристо Ивановски Ул.'Михајло Андоновски' бр.6/21 Битола

Во врска со Вашиот предлог за повторна ревизија по предметот Рев.бр.51/96, Ве известуваме дека против одлуката на Врховниот суд на Република Македонија донесени по ревизија не се дозволени правни средства, освен повторување на постапка, во случаи и услови предвидени со закон".

"РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Кабинет на претседателот

12 Бр. 1634/99 2.02.2000 Скопје

До Ристо Ивановски ул.'Михајло Андоновски' бр.6/21 Битола

Во врска со Вашата писмена преставка од 24.01.2000 година, Ве известуваме дека остануваме на порано доставениот одговор од 13.01.2000 година заведен под наш број 1634/99".

"ВРХОВЕН СУД

НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

12 Бр. 202/01 3.5.2001 Скопје

До Ристо Ивановски Ул.'Михајло Андоновски' бр.6/21 Битола

Во врска со Вашата писмена преставка до претседателот на Врховниот суд на Република, Ве известуваме дека истата е нејасна и не содржи конкретни податоци за да Врховниот суд на Република Македонија постапи по писмениот поднесок. Имено, ќе биде потребно да прецизирате пред кој основен суд се води Вашиот предмет, како и да наведете не само број на предметот туку за каков вид на предмет се работи за да би можеле да се проверат наводите во преставката". (Променет претседател, Р.И.)

"ВРХОВЕН СУД

НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

12 Бр. 202/01

24.05.2001 год.

С К О П Ј Е

До Ристо Ивановски Ул.'Михајло Андоновски' бр.6/21 Битола

Во врска со Вашата преставка упатена до претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, во одговор Ве известуваме за следното:

Вашиот предмет Рев.бр.51/96 е решен со одлука на овој суд од 21.11.1996 година, со која ревизијата се одбива како неоснована.

Располагате со вонредното правно средство барање за повторува-ње на постапка во услови и во постапка пропишана со закон".

Претседателот на Врховниот суд, до кого се обраќав, се повлекол.

**38.** Предметите од Врховниот суд беа приложени до Основниот суд- Битола во мојот предлог за повторување на постапката, на 19.06.2001.

Мојот судски спор беше политички, што го наведив во предметот за повторување на постапката. Исто така, истакнав, предметот не е од нормална постапка, туку само политички, со што јас бев ликвидиран/уништен.

"ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА со судијата Александар Прчевски како Претседател на советот...решавајќи по предлогот на тужителот за повторување на постапката по предметот без одржување на рочиште на ден 5.09.2001 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот за повторување на постапката по предметот П.бр.987/92 правосилно завршена поднесен од тужителот, СЕ ОТФРЛА како ненавремен.

О б р а з л о ж е н и е...

Тужителот на 19.6.2001 година поднесе до овој суд предлог за повторување на постапката по предметот.

Постапувајќи по предлогот за повторување на постапката судот утврди дека истиот е ненавремен.

Согласно чл. 423 ст. 3 од ЗПП кој важеше во тоа време по истекот на рокот од 5 години од денот кога одлуката станала правосилна предлог за повторување на постапката не може да се поднесе освен ако повторување се бара од причини наведени во чл. 421 т. 2 и 3 од ЗПП″.

Меѓутоа, во решението не беше наведено ништо од она што јас напишав и приложив. Се потврди, Александар Прчевски не бил судиско лице туку политичко. Токму затоа, тој бил избран за Јавен обвинител на Република Македонија. Тој како политичко лице, слеп извршител на политички наредби, носел политички одлуки. Следи, тој самиот да признае, кога тој за себе јавно изјавил, дека тој бил глуп. Како него слепи извршители биле другите судии, избрани од просрпската комунистичка партија.

Со Гж.бр.1743/2002 ″АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО БИТОЛА како граѓански второстепен, во совет составен од судиите М-р Љубе Неделковски- претседател, Александар Филипов и Снежана Богданоска- членови... на седницата одржана на 17.09.2002 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот СЕ ОДБИВА како неоснована.

Решението на Основниот суд во Битола П.бр.987/92 од 05.09.2001 година, СЕ ПОТВРДУВА″.

Инаку судијата Љубе Неделковски напредувал и поради тоа што бил судија за предметот на Инцијативниот одбор на Свињарска фарма... Следи таа од чумата 100% да се уништи, што важи и за мене од судството.

″РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Генерален секретар
12 Бр. 19 7/04   11.3.2004  Скопје
До Ристо Ивановски Ул.′Михајло Андоновски′ бр.6/21 Битола

Во врска со Вашиот поднесок од 23.2.2004 година, упатен до Врховниот суд на Република Македонија, за побрзо решавање на предметот Рев.бр.240/03, Ве известувам дека предметот решен и на 17.2.2004 година експедиран до Апелациониот суд Битола″.

″ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА во совет на судиите: Љубинка Муратова- претседател, Стефка Ристевска, Сафет Алиу, Васил Грчев и Ајет Мехмети- членови...на седницата одржана на ден 14.01.2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Ревизија СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА″.

**39.** Следи да продолжам да барам да се повтори постапката. Повеќе пати се обраќав до Претседателот на Р.Македонија и Премиерот на Владата на Р.Македонија. Имам повеќе преставки до Судскиот совет на Р. Македонија. Никој не бил надлежен. Народот се поделил партиски, секој гледа само да се одржи, само на штета на народот, чии 7 милјарди долари биле изнесени во странство, а тој трага храна во куќните ѓубришта...Следи:

″ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА, со судијата Славица Мирковска...без одржување на рочиште на ден 21.09.2007 год., го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот на Ристо Ивановски за повторување на постапката по предметот на Општински суд Битола П.бр.987/92 правосилно завршена, СЕ ОТФРЛА″. (Повторена постапка како под точка **38.**, Р.И.)

Со РСЖ.бр.1022/2007 ″АПЕЛАЦИОНИНОТ СУД ВО БИТОЛА, во совет од судиите М-р Љубе Неделковски- претседател, Љубен Нешковски и Снежана Богданоска...на седницата на советот одржана на 09.11.2007 год., донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот СЕ ОДБИВА, како неоснована.

Решението на Основниот суд во Битола, П.бр.987/92 од 21.09.2007 год., СЕ ПОТВРДУВА″. (Вторпат потврди Неделковски-Богданоска, Р.И.)

Единствена грешка била што јас сум бил само чесен, трудољубив...

**40.** Покрај што сум бил чесен, трудољубив...сум работел 4 години како научен соработник во Германија и сум докторирал во Австрија. Исто така, јас имам објавено мноштво самостојни трудови и мноштво книги. Токму заради мојата преозбилност и работливост не само со монтиран судски процес да сум избркан од работа, од 20.05.1991 останав без работен однос и право за работа. Дури токму поради моите научни и стручни способности постанав неподобен во македонските универзитети, кои како државни станале приватни на вработените, како нивно самоуправно право, непознато во капиталистичкиот свет,чии непријатели беа комунистите, денес комунистички газди во државава, чии комунисти станале арамиски капиталисти.

На 15 конкурси во македонските универзитети јас бев одбиен, а беа, примени интерни лица кои немаа објавено ниту еден самостоен труд, ниту објавена книга.

За пример се наведува конкурсот по говедарство од Земјоделски факултет- Скопје. На 10.10.2003 беше поднесена тужба.Со XIII П.бр.3555/03 ″ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ како првостепен граѓански суд преку судијата Драгица Сапунџиева како Претседател на советот...на ден 11.12.2003 го донесе следното: Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата на тужителот Ристо Ивановски од Битола, за задолжување на тужениот Земјоделски факултет Скопје да изврши избор на кандидат по огласот објавен во весникот ′Нова Македонија′ на 13.11.2002 годи-на, СЕ ОТФРЛА″. Во образложението стои: ″Имајќи го во вид напред изнесеното судот оцени дека со оглед на тоа што ниту во конкурсот, ниту во законот на работните односи не е утрден рок во кој треба да се изврши избор на кандидат по објавен конкурс, право е на работодавецот кога ќе изврши избор по објавениот конкурс. Со оглед на тоа што од страна на тужениот не е донесена конечна одлука со која евентуално би било повредено правото на тужителот при избран кандидат по објавениот конкурс, а поаѓајќи од содржината на напред наведените законски одредби, судот оцени дека не се исполнети условите утврдени со овие законски одредби односно дека тужителот нема право на судска заштита поради што и одлучи тужбата да ја отфрли″. Со наведното се потврди, конкурсите биле интерни за интерни лица. Судот потврдувал само интерни лица. Судовите биле интерни.

На 12.02.2004 беше поднесено жалба. Со ГЖ.бр. 1427/04 ″АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Теофил Томановиќ, претседател на советот, Зоран Михајловски и Маруша Еленоска, членови на советот...на нејавната седница на советот, одржана на ден 24.03. 2004 година, го донесе следното: Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБАТА СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА

РЕШЕНИЕТО на Основниот суд Скопје I Скопје П.бр.3555/03 од 11.12.2003 година, СЕ ПОТВРДУВА″.

Следи Молба до Јавното обвинителство на 05.06.2004, а Јавното обвинтелство на Р. Македонија со Го.бр.1026/04 од 05.07.2004 соопштува: ″Во врска со вашата инцијатива за подигање на барање за заштита на законитоста против решението Гж.бр.1427/04 од 24.03. 2004 година на Апелациониот суд Скопје, со кое е потврдено решението П.бр.3555/03 од 11. 12. 2003 година на Основниот суд Скопје I Скопје, Ве известуваме дека по извршениот увид во списите и оценка на наводите во подавката, Јавниот обвинител на Република Македонија не утврди дека со правосилната судска одлука е сторена повреда на законот која би можела да послужи како основ за употреба на ова правно средство.

Заменик јавен обвинител Клео Бубеска″.

Клео Бубевска како битолчанка на таа функција ја поставил од Битола Јавниот обвинтел Александар Прчевски. Значи, за Правосуството и Обвинтелството конкурсите се само формално објавени, само за интерни лица, кои во животот ништо не работеле и не постигнале. Затоа во државава таквиот наставен, раководен и стручен кадар го заостанало сточарството, што го направил и Вангел Гагачев. Тој со моќ и државни пари допринесол за јас да не бидам избран, со што мојата повисока положба него лично не би му наштетела. Пак, тој цела

документација во Комбинатот ја уништил. Со вакви незаконски дејствија тој како злочинец ќе опстои чист.

**41.** Директорот Вангел Гагачев самоволно и насилнички ми го намали личниот доход. Ова се гледа во Решението Д.бр.04-362 од 04.08.1987 од ЗИК ″Пелагонија″- Битола РЗ за унапредување и развој на земјоделието. Во него стои: Ристо Ивановски ″Сам.струч.сов.за исхрана на стоката″ со ″стартна основа, 3.100 бода со зборови (три иљади и сто бода) а по критериумот работно искуство, за секоја година признат работен стаж по 0,5% а најмногу од 20% во однос на личниот доход по другите основи од тековниот труд″...″од 01.07.1987 година″: Значи, 3.100 бода + работен стаж за секој година дополнително уште 0,5% во годината. Токму затоа сите советници земале личен доход во зависност на работниот стаж, сите со стартна основа 3.100 бода.Оние кои од мене беа постариземаа значајно повеќе.

Меѓутоа, со Одлука бр. 27.02 32/6 од 06.07.1990 год од Претпријатие во општествена сопственост стои: ″Работникот РИСТО ИВАНОВСКИ на работи и работни задачи стручен советник во Завод за унапредува-ње и раз.с.Новаци се распоредува на работи и работни задачи стручен соработник во РЕ ′Коле Канински′ с.Породин при ПОС ЗИК ′Пелагонија′- Битола, почнувајќи од 09.07.1990 год, односно по конечноста на одлуката″.

Мене ми се велеше, нема да ми се намалат бодовите. Бидејќи јас не му верував на Вангел Гагачев, ја искористив правната поука, која гласеше: ″Именованиот има право на приговор во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката до Работничкиот совет на ПОС ЗИК ′Пелагонија′- Битола″. По мојот приговор следи О Д Л У К А: ″Приговорот бр.26-03-146 од 20.07.1990 година на работникот Ристо Ивановски, вработен во ПОС ЗИК ′Пелагонија′- Битола, Завод за унапредување и развој, протов Одлуката бр. 27-02-32/6 од 06.07.1990 год. СЕ ОДБИВА како НЕСНОВАНА.

Одлуката бр.27-02-32/6 од 06.07.1990 година, со која што на именуваниот работник се распоредува на работно место стручен соработник во РЕ ′Коле Канински′ се потврдува и истата станува конечна″.

За ова поднесов судски спор, што во предметов е под точка 4.

Меѓутоа, во образложението се наведува: ″Согласно на чл.17 од ЗОПРО и чл.65 и 68 од Правилникот за работни односи, работникот може да биде распореден на друго работно место кое е соодветно на неговата школска подготовка и способност стекнати со работа што е случај со распоредувањето на именуваниот, бидејќи истиот се распоредува на работно место а кое се бара иста школска спрема како и за работното место што го обавува работникот и со ист стартен број на бодови на име тековен труд и работно место на кое именованиот работник пред распоредувањето″. Значи, со стартна основа 3.100 бода, ″за секоја година признат работен стаж по 0,5%″. За најмладиот 3.100 бодови и годините, што важи и за најстарите. Со тоа што во прво време само јас бев доктор на наука, а имаше постар и магистер, само мојот докторат не беше земен во предвид. Тој им пречел.

Јас имав заведено судски спор, овде наведен под точка 5. Со И.бр. 6925/92 ″ОПШТИНСКИОТ СУД ВО БИТОЛА, со судијата поединец Драгомир Тодоровски, по извршниот предмет на доверителот Ристо Ивановски од Битола против должникот ЗК ′Пелагонија′ РЕ ′Коле Канински′ од с.Породин, за парично побарување денес на 28.01.1993 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Врз основа на решението П.бр.987/92 од 3.11.1992 година се определува извршување врз паричните средства на должникот заради наплата на вкупна сума од 804.911,00 денари.

Решението ќе го спроведе СОК Битола на начин што од сметката на должникот ЗК ′Пелагонија′ РЕ ′Коле Канински′ од с.Породин бр. 40300-601-8878 ќе го наплати горенаведениот износ и ќе го исплати како следува:

- На Ристо Ивановски од Битола ул. ′Михајло Андоновски′ бр. 6/21 износ од 256.445,00 денари на име личен доход за декември и разлика за претходните месеци, како и 16.900,00 денари на име извршни трошоци;

- Износ од 20.000,00 денари за вештото лице Душан Бакревски ул. ′Стив Наумов′ бр. 109 на сметка бр.40300-623-16-6718-89 кај Стопанска банка Битола...″.

Од вештото лице Дипл.ек.Душан Бакревски следи ″И.бр.6925/92

ТУЖИТЕЛ: Ристо Ивановски

ТУЖЕН: ЗК 'Пелагонија'- Битола
ОСНОВ: Исплата на плата

ИЗВЕШТАЈ ПО НАРЕДБА...

1. Јули 1992 година: Тужителот имал стартни бодови 2900,00 а работно искуство вкупно 14 години, осноано за секоја година по 0,5% бодови се наголемуваат вкупно за 7%, односно за 203 бода, или вкупно му следуваат, вклучувајќи го и минатиот труд 3103 бода".

Видливо е дотерувањето, што не се совпаѓа со кажаното: "стартна основа, 3.100 бода со зборови (три иљади и сто бода) а по критериумот работно искуство, за секоја година признат работен стаж по 0,5% а најмногу од 20% во однос на личниот доход по другите основи од тековниот труд".

Во пресметките ја има само стартната основа 3.100 бода, но без минал труд, како што стоеше: "работно искуство вкупно 14 години". Вештото лице од една страна ја извршил судската наредба, ама и желбата на Вангел Гагачев, јас да бидам стручен соработник со стартна основа 2.900. Негови самоволија и желби јас ги обжалив, следи стартна основа 3100 бода.

Под точка 30. наведив: "ОПШТИНСКИОТ СУД ВО БИТОЛА... судијата Благој Доновски...на 27.06.1994 год. ја донесе следнава

П Р Е С У Д А

Тужбеното барање на тужителот Ристо Ивановски за да се поништи одлуката на дисциплинската комисија на тужениот ПОС ЗИК 'Пелагонија' Битола РЕ 'Коле Канински' с.Породин бр.04-225/2 од 13.05.1991 год. со која е огласен за виновен за сторена потешка повреда на работната обврска и му е изречена дисциплинска мерка престанок на работниот однос, па да се задолжи тужениот да го врати тужителот на работно место советник во ПЕ сточарство во рок од 8 дена по приемот примерок од пресу-дата, СЕ ОДБИВА.

Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот на тужителот, за да судот издаде времена мерка со која што ќе се задолжи тужениот да му исплатува по 10.000 ден. месечно во вид на надомест на личен доход сметано од 1.05.1994 год. па до правосилното окончување на спорот, СЕ ОДБИВА".

Па висината на личен доход, која тогаш ја барав, била само 10.000 денари месечно. Таа била онака како што пресметал вештото лице Душан Бакрески, што било за месец: "Јули 1992 година: Тужителот имал стартни бодови 2900,00 а работно искуство вкупно 14 години, осноано за секоја година по 0,5% бодови се наголемуваат вкупно за 7%, односно за 203 бода, или вкупно му следуваат, вклучувајќи го и минатиот труд 3103 бода".

Ама ова било според И.бр.6925/92 од 28.01.1993, што следело по П. бр.987/92-I од 3.11. 1992, со решение, кое гласи: "СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот ЗИК Пелагонија АД Битола РЕ 'Коле Канински' с.Породин на тужителот Ристо Ивановски и Китан Минчевски да им исплаќа надоместок на личен доход што би го остварувале до колку беа на работа почнувајќи од 1.7. 1992 год. па до правосилното окончување на спорот под страв на кривична и материјална одговорност".

3100 бода биле 10.000 денари, дополнително 14 години минал труд.

Меѓутоа, изигрувањето од него не завршило, тој оди да ме уништи.

Бидејќи од 20.05.1991 останав без работен однос и го изгубив правото на вработување, го искористив законот со кого се предвидуваше како технолошки вишок во Агенција за вработување на Република Македонија Центар за вработување- Битола да добивам надохнада се до моето пензионирање. Кога ги собирав моите документи, двете последните години ЗК "Пелагонија" пензиското осигурување за мене не го исплатил. Со мои лични молби, како и од Агенцијата, тоа се извршило. Меѓутоа, тоа не било, како што било предвидено според законот, туку силеџиски, по желба.

Ова се потврдува со доказот од АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ...РЕШЕНИЕ број 0306/2999-04 од 17.01.2005 год. Стои под точка 5: "Врз основа на потврдата бр.сл од 29.12.2004 год., образец М-4 како и извршениот увид, вистината на месечниот ПН за време на невработеност е утврдена на основа пресметаните и исплатените плати кај работодавецот, согласно со закон и колективен договор и изнесува 50% од просечната месечна плата на работникот за последните 24 месеци за лице кое има ПН до 12 месеци, односно 40% за останатите месе-

ци, кој просек изнесува 2797 ден.″.Значи,ваков личен доход јас сум немал. Тој бил четири пати поголем.

Токму затоа јас тоа решение на 07.02.2005 со писмо го обжалив.

″АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Центар за вработување
Бр.03-413
26.12.2006...З А К Л У Ч О К

СЕ ДОЗВОЛУВА обнова на постапка и СЕ ПОНИШТУВА решението бр.0306/2999-04 од 17.01.2005 год. на ЗВРМ Биро за вработување БИТОЛА

СЕ ПРИЗНАВА право на паричен надоместок на Ивановски Ристо од Битола ул. М. Андоновски бр.6/21 почнувајќи од 30.12.2004 год. до вработување. Висината на паричниот надоместок за првите 12 месеци изнесува 7560 ден месечно, а преостанатото време на користење изнесува 6048 ден. месечно.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со решение бр.0306-2999 од 17.01.2005 год. на АВРМ Центар за вработување Битола на Ивановски Ристо му е признато право на паричен надоместок во траење од 30.12.2004 год. до вработување во износ од 1398, 50 ден. месечно за првите 12 месеци, а за преостанатото време на користење изнесува 1118,80 ден. месечно″.

Во прилог е решението, со образложение:″Ивановски Ристо поднесе предлог за обнова на постапка заведен под бр. 03-413 од 30.11.2006 год. Која е окончана со решение бр.0306/2999-04 од 17.01.2005 год.

Во предлогот наведува да му се признае право на паричен надоместок по валоризирани просечни плати од 1989 год. и 1990 год...″.

Вангел Гагачев со 15.120 денари личен доход ме сврстил како кваликуван работник свињар или говедар, нешто повеќе од опш работник.

Да не се изуми, тогаш мојот личен доход имал стартна основа со 3.100 бода, како на технички директор на секој Работна единица (РЕ). На такви работни места денес се добива по 40.000 денари. Дополнително, како таен личен доход, за кого се прави законски престап, на него не се плаќа данок, како награда е уште околу 40.000 денари. Значи, личниот доход кој мене би ми се давал на истото работно место, со стартна основа 3100 бода, би изнесувал 60.000 денари, на што ќе следи да се плати данок, а не да се лаже и краде државата. Како доказ е и следново: денешниот кадар од мене е помлад. Токму затоа тој би имал понизок минал труд. Од друга страна, кадарот, кој Вангел Гагачев може да го владее е многу послаб од отпуштените.

Ова се потврдува со нивните најниски приноси со недоходовно земјоделско производство, за кое не се користи хидромелиоративниот систем ″Стрежево″, со моќ на површина 20.400 ха. На него Вангел Гагачев не сее култури кои бараат наводнување, туку само екстезивни култури пченица, јачмен..., на кои не им е потребно наводнувањето. Место да се добива пченица 6.000 кг/ха, со него денес се произведува само околу 4.000 кг/ха...

Како доказ, дека Вангел Гагачев нема одлика на човек, тој мораше по службена должност да дозволи мене да ми се доделат моите акции. Тоа тој до денес не го дозволил. Наместо тоа тој вработените ги уценува тие да купуваат акции. Дури од нив тој поефтино ги купува. Следат тужби...

Па Вангел Гагачев, кој го ликвидирал ЗИК ″Пелагонија″, а во ЗК ″Пелагонија″ го уништи полоделството и сточарството, го искрчи овоштарството и лозарството, треба да се протера од Комбинатот, никако тој не смее да има ниту една единствена акција.Напротив, тој станал најголем акционер. Па тој ја уништува државава, која треба самата да се обештети.

**42.** Имам објавено 36 книги како самостоен автор, три се на германски. Досега сум објавил преку 200 написи и трудови. Токму јас кој својот живот и го посветив на државава и нејзиното сточарство, останав исфрлен на улица.